# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 мај 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 43-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Аргон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Горгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Весна Јаневска, Фијат Цановски, Благој Зашов, Тито Петковски, Марјан Додовски, Елмазе Селмани, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме по **Предлог на закон за рамномерен регионален развој**

Претресот по амандманот на член 27 став 2, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 59, за гласале 8, воздржано 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманите на член 27 став 2, поднесени од пратеникот Слободан Најдовски и од пратеникот Роза Топузова Каревска, кои се точки 39 и 40 од Списокот на редоследот на амандмани, по кои Собранието води претрес се идентични и по нив ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски и по амандманот на член 27 став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Владата не ги прифаќа овие амандмани.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не ги прифаќа амандманите.

За збор се јави пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Гледајќи го законот кој што е предложен за донесување односно предлогот на Законот за рамномерен регионален развој, три битни функции или дела се значајни за донесување на овој закон.

Тоа е прашањето за одредување на регионите.

Второ, е прашањето на местото на одлучување за донесување на одлуки за рамномерниот регионален развој.

Третото прашање е колку овој закон ќе биде поткрепен и финансиски издржлив за да може она што се предвидува со овој закон да се реализира.

Сега би зборувал само за последниот дел, а тоа е финансиската поткрепа на Законот односно изворите за финансирање на рамномерниот регионален развој.

Во петокот говорев за дел од тие работи, а сега сакам само да надополнам. Владата смета дека за поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Македонија годишно да се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од Бруто домашниот производ. Амандманот кој што јас го имам предложено е да најмалку 3% од Бруто домашниот производ од Буџетот на Република Македонија се издвојуваат

за средства за поттикнување на рамномерниот регионален развој. Зошто ова го предлагам? Не е предлог само за да се смени бројката, туку ќе се обидам тоа да го поткрепам и со факти.

Во петокот упорно настојувавме и јас и останатите колеги како ние од Либерално демократската партија, така и од СДСМ да добиеме информација што навистина влегува во тие 1% најмалку од Бруто домашниот производ.

За жал, тоа не успеавме, министерот, Владата не не удостоија како пратеници и македонската јавност, за да знаеме што навистина ќе содржат тие најмалку 1%. Бидејќи, џабе е носењето на овој закон, ако недоволно финансиски биде поткрепено. Сите останати одредби ако се само за проформа да се исполнат одредени услови кон Европската заедница односно кон законодавството од Европската унија, ќе видиме дека ќе паднат во вода без усвојување на еден ваков амандман.

Децентрализацијата во Република Македонија и рамномерниот регионален развој не значат декларативно одредување за рамномерен регионален развој. Во досегашната пракса во Република Македонија се покажа дека нерамномерниот регионален развој и концентрацијата на финансиската моќ, на политичката моќ во главниот град на Република Македонија , во Скопје е штетен и за Скопје и за скопјани, а уште повеќе е штетен за останатите градови кои што се во Република Македонија. И, ако продолжиме на ваков начин, без разлика дали оваа Влада, минатите или некои идни влади, без разлика од која политичка партија ќе бидат, продолжувањето на ваквата политика ќе има катастрофални последици за Скопје и за останатите градови во Република Македонија. Јас неќни кажав дека само од годинашниот Буџет имаме ситуација 10 милиони евра за скопската сала, 2 милиони евра за истражување на Калето, не знам колку илјадници евра за нов театар во Скопје, илјадници евра за музеј во Скопје, илјадници милиони евра за Офицерски дом во Скопје. Дали така ќе го развиваме рамномерно Скопје односно ќе ја развиваме Република Македонија. така тоа, не оди, дами и господа. Одите на штета и на Скопје и одите на штета на останатите градови во Република Македонија.

Јас само ќе се обидам со бројки да кажам зошто Владата е нејасна. Ако во овие најмаку 1% влегува јавната општинска потрошувачка, тогаш тоа се минорни бројки. Ако е издвоена јавната општинска потрошувачка, што по мое треба да е издвоена и најверојатно спаѓа во друг дел но тоа Владата не го објаснува. Еве, и јавната општинска потрошувачка да ја земеме во регионалниот развој на Република Македонија, ќе дојдеме до фрапантно лоши податоци. Во другите земји кон кои тежнееме да се движиме, имаме ситуација нивното залагање за децентрализација да е поткрепено со адекватни финансиски средства.

Ќе ви набројам неколку држави за да имаме споредба. Во Словенија 53% од Бруто домашниот производ е за општинската потрошувачка, за финансиски средства во општините. Во Бугарија тој процент е 6,2%. Во Романија е 6,9%, Чешка 8,61%, Унгарија 10,11%, Латвија 10,08%, Полска 12% од Бруто домашниот производ на тие држави.

Република Македонија, според планираните средства има 3,9% од планираните буџети од Бруто домашниот производ. Но, тоа се планирани, реално остварливи се движат околу 3% за општинските трошоци, односно за општинската јавна потрошувачка. Тоа значи дека евидентни се разликите, кои што Република Македонија ги има во однос на останатите држави во Европа.

Ако ја земеме и неповолната структура на таа општинска јавна потрошувачка каде што најголем дел од тие финансиски средства се фиксни трошоци на општините кои што се пред трансфери ќе видиме дека на тој план имаме катастрофална ситуација. Така да џабе ќе ни биде донесувањето на еден ваков закон ако неадекватно финансиски го поткрепиме.

Еден посто од бруто домашниот производ на Република Македонија е околу 3 милијарди денари. 8-те региони ако ги земете рамномерно да користат од овие средства тоа е некаде околу 350 милиони денари по регион. Со тие средства само ќе се залажуваме дека можеме да овозможиме во Република Македонија рамномерен регионален развој.

Би завршил со тоа дека иако во јавноста можеби не предизвикув аинтерес толку овој закон, овој закон е еден од суштинските закони за понатамошниот развој на Република Македонија. Или ќе овозможиме подеднакво сите делови на Република Македонија да се развиваат и да ја деконцентрираме финансиската и политичката моќ во Република Македонија и со тоа ќе овозможиме сите граѓани на Република Македонија да имаат можност за подеднаков развој, или пак ќе донесеме закон кој што ќе има само наслов закон за рамномерен регионален развој на Република Македонија, а фактички ќе овозможиме понатамошно централизирање на Република Македонија. Мислам дека таков закон не е добар и таква политика не само на оваа Влада, туку на било која друга влада ќе има само негативни резултати за понатамошниот развој на Република Македонија.

Затоа почитувани пратеници јас занм и убеден сум, посебно вие кои што сте пратеници од другите градови, општини надвор од Скопје дека не се согласувате со еден ваков закон и радо би го подржале мојот амандман, но од друга страна сум бил и јас во такви ситуации, знам зошто нема да го подржите, но ќе направиме сите заеднички една голема грешка.

Без зголемување на финансиските средства за рамномерен регионален развој се друго ќе биде само декларативно одредување или

декалративни заложби дека ние ќе се залагаме за подеднаков развој на сите региони на Република Македонија. Затоа ве повикувам да го пдоржите овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманите ги ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника од кои за гласале 10, воздржани нема и против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 за додавање два нови ставови, 2 и 3 по ставот 1 и за менување на воведната реченица на ставот 2 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Никола Ќуркчиев, Ацо Киров, Весна Бендевска, Борос Кондарко, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман на член 29 за кој се предвидува одредени средства за плаќање на придонеси за пензиско и здравствено осигурување. Мислам дека со други активни политики Владата ќе придонесе да се намали бројот на невработени, а и други минситерства се надлежни точно за пензиското и здравственото осигурување на граѓаните на Република Македонија и за плаќање на таквиот вид на придонеси. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Овој амандман кој што го предложивме од пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз, кој што се однесува токму на обезбедување на финансиски средства, за плаќање на придонеси за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување на луѓето од неразвиените подрачја, нависитна мислев дека ќе предизвика внимание во Владата и воопшто кај министерот. Дека ќе се даде барем некакво подобро образложение отколку стандардното, дека Владата за се и сешто предвидува активни мерки од кои што до сега не видовме никаов ефект. Одговори кои што ги давате постојано кога се разговара за вакви структури на луѓе, за вакви категории како кога расправавме и за стечајните работници.

Мислам дека требаше да имате слух, она што до сега беше прдвидено со законите во Република Македонија, што ја регулира оваа материја околу стопански недоволно развинетите подрачја, тие лица кои што живеат во таквите региони, кои што немаат друга друга егзистенција да ги добијат придонесите за пензиско инвалидско и здравствено осигурување.

Иако во законот предвидувате за оние кои ги исполниле условите до сега да продолжат понатаму соземање, меѓутоа сметам дека ги доведуваме граѓаните на Република Македонија во нерамноправна положба заради тоа што сите оние што ќе се доведат во ситуација да ги исполнат условите на овој начин им го скратувате правото да можат да си остварат право за пензиско инвалидско и здравствено осигурување во Република Македонија. Впрочем тоа се спротивставува и на уставната одредба за рамноправност на граѓаните во Република Македонија. Меѓутоа, реков дека веровατно вашите побуди од кои што го носите овој закон, вашите аргументи кои што слепо ги браните постојано на оваа седница во Собранието остануваат и тука да без аргументација едноставно не се прифаќа еден ваков амандман, или подобро беше дури ивие како Влада да предложите амандман токму на овој член и да стане составен дел на законот. На тој начин нема да биде амандман кој што билподнесен од опозицијата, меѓутоа ќе имаме можности да проследиме рамноправност на граѓаните посебно во делот на стопански недоволно развиени подрачја во Република Македонија. Значи, поранешниот Закон кој што е донесен 1994 година, неговите измени во 1999 година, сите предвидуваат да се користат дел од средствата за плаќање на пензиско инвалидско и здравствено осигурување за овие категории на луѓе. Во членот 13 од постојниот Закон каде што меѓу другото се наведува за што се користат средствата што се собрани исто така од граѓаните на Република Македонија стои дека во една алинеја заради плаќање на придонесите за пензиско инвалидско и здравствено осигурување.

Претседателе би ве замолил да обезбедиме ред во салата. Знам дека воопшто не е интересно, но кога се разговара за судбини на одредени категории на луѓе би требало пратениците од парламентарното мнозинство барем да сослушаат. На овој начин покажуваат дека немаат интерес ниту да ги слушаат аргументите, а камо ли да гласаат за овој амандман со тоа што би придонеле овие граѓани да си ги остваруваат правата што ги имаат, меѓутоа за тоа ќе судат граѓаните на Република Македонија.

Исто така и во измените на Законот децидно стои дека оние граѓани кои што исполнуваат услови, кои што се предвидени со закон ќе ги остваруваат овие права.

Мислам дека без никакво образложение пред Собранието на Република Македонија не поднудивте да кажете кои се пречките заради кои што граѓаните кои што ќе ги исполнат условите за обезбедување на оваа привилегија нема да ги добиваат во иднина. Впрочем тоа ќе се брои

уште еднаш како право кое ВМРО-ДПМНЕ го укинува на граѓаните на Република Македонија,исто како што ги укина и правата предвидени за стечајните работници во 2000 година, кога беше на власт. Истото ќе се случи и сега, уште еднаш да укинувате уште едно право на граѓаните во Република Македонија. На тој начин директно упатувате сигнал дека немате намера или немате политика со која што ќе можеме овие неразвиени подрачја и луѓето што живеат таму да ги задржиме на нивните огништа, овие краишта да живеат и да останеваат во Република Македонија едноставно ќе мора да настане селење на тие луѓе отаму барајќи сопствена егзистенција, затоа што државата во овој момент укинува некое право кое што тие го имаат во Република Македонија.

Тоа говори за вашиот однос кон власта, за вашиот однос кон граѓаните на Република Македонија. Ако сметате, погледајте ги сите закони каде што се остваруваат одредени права посебно на вакви категории на луѓе, на вакви подрачја укинете им ги сите. Веројатно така ќе имате повеќе пари за добри кабинети, за добри коли во кои што ќе се возите,а нема да се делат пари кои би биле за граѓаните на Република Македонија, посебно за стопански недоволно развиените подрачја.

И само едно прашање би ве прашал господине министер.

Што е тоа што се смени сега во меѓувреме од денот кога разговаравме околу усогласување по амандманите, тогаш да го прифатите овој амандман и да кажете дека е во ред, има прифатен амандман кој ќе се однесува на остварувањето на пензиско инвалидско и здравствено осигурување за овие граѓани, на инсистирање на СДСМ, а денеска веќе такви аргументи не постојат и да не го прифатите овој амандман. Ништо друго освен остварувањето на слепо зацртаната ваша политика. Очекувам дека барем колегите од ВМРО-ДПМНЕ, НСДП и ДПА ќе ја оценат важноста на овој амандман и ќе го подржат со тоа што ќе овозможат да се продолжи со користење на правото на овие граѓани за пензиско инвалидско и здравствено осигурување во неразвиените подрачја. До колку тоа не го направите мислам дека уште еднаш ќе докажете дека и вие слепо ја следите политиката која што ја презентира Владата и каде што во таа политика без никакви аргументи укинувате одредени права на одредени категории на граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор минситерот Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам краток, само да исправам една невистина коај беше кажана од говорницата.

Мислам дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ јасно кажа пред сите граѓани дека во 2006 и 2007 година нема ни еден денар да се потроши за опремување на кабинетите, за купување на мебел и намештај, за автомобили. Тоа до сега го покажавме, а да се говори од оваа говорница дека за тоа ќе бидат наменети средствата навистина не е умесно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Господине министер воопшто не е невистина тоа што го говорам овде пред собраниската говорница. Реков дека веројатно овие пари кои што им ги одземате на граѓаните, со кои што ќе им ги ускратите правата за остварување на пензиско инвалидско и здравствено осигурување ќе ги употребите за сопствените кабинети и за новите коли. Дали тоа ќе го нарпавите ќе видиме на крајот од годината, а сите показатели покажуваат дека тоа го правите, а не правите ништо што ќе биде во функција на подобрување на стандардот на граѓаните. Тоа не е невистина, тоа е нешто како факт што ќе излезе пред ова Собрание и граѓаните ќе го слушнат, меѓутоа не сега, малку подоцна. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитувани коелги.

Ќе се обидам да кажам уште енкој аргумент надвор од она што го кажа колегата Оливер Спасовски за да го прифатите овој амандман. Нема да зборувам за автомобилите и канцелариската опрема заради тоа што очекувам со волшебно стапче или формула да се најдат стопанските региони и канцеларии, а притоа да не се употребат средства. Тоа е жалосна изјава на министерот, меѓутоа се надевам дека во некоја друга прилика ќе има можност да ја исправи својата грешка.

Друго е прашањето што министерот веројатно не ги следи информациите за тоа дека голем број на јавни претпријатија и минситерства се опремуваат токму со таква опрема и возила и тоа на оперативен лизинг, но тоа е друга тема која што апсолутно нема никаква врска со амандманот.

Почитуван министер ценам дека доволно аргументи спомна уважениот пратеник Спасовски за тоа дека со овој амандман се предлага едно решение со кое се определуваат средства за понатамошно плаќање. Значи, тие средства веќе се плаќаат. Понатамошно плаќање на придонесите за пензиско инвалидско и здравствено осигурување на лица кои живеат во погранични рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот. Не гледам никаква причина во догледно време со овој закон во тие подрачја да се смени нешто за да им се укине ова сигурно голема помош на тие граѓани и на таа категорија на граѓани.

Имено, за волја на вистината предлагачот се обидел во член 29 нешто да регулира, меѓутоа како и се друго во законот и јас ќе си дадам за право да кажам некои елементи кои што се

воопшто изземени од одредбите на било кој член во законот.

Имено, кога зборуваме за специфичните околности во индивидуалните региони мора да знаеме дека се бараат и специфични решенија. Никаде во законот, со ни еден збор не се спомнати областите погодени од воениот конфликт. Никаде во законот не се спомнуваат традиционалните индустриски региони, никаде, а знаеме каде се тие региони и во каква состојба се наоѓаат тие денес. Акутни проблеми во делот на постоечките индустриски капацитети кои што се полупразни, технолошки застарени со една долгогодишна невработеност, со сиромаштија, со оптовареност со социјални пробелми апсолутно не се третирани никаде. За планинските региони никаде не станува збор, иако имаат развојни потреби и согласно хендикепот кој произлегува од специфичните географски и природни услови, недостаток на јавни услуги, стареење на популација, здравствени услуги и т.н.

Почитуван минситер мислам дека на сите тие луѓе особено во планиските региони, особено во граничните региони, заради тоа што подоцна ќе имаме можност да зборуваме за граничните региони како се регулираат тие во другите закони на земјите кандидати и земји членки на Европската унија, како очекуваме ние да бидат регулирани овде, а како воопштоне се споменуваат. Мора сите ние да признаеме и да заклучиме дека до сега интервенциите во неразвиените региони имаа многу мал удел во нивниот одржлив развој. Постои голема дисперзија на финансиска и административн аподршка во делот на нивни проекти кои што се финансираат, меѓутоа, ве молам на една категорија луѓе кои што и така природата им одземала, а од друга страна им дала многу треба да продолжат да го добиваат надомесоткот кој што го имаа.

Не треба да ги казниме заради тоа што носиме еден ваков лош закон.

Затоа ги замолувам колегите пратеници, бидејќи доаѓаат можеби токму од такви региони, треба да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин претседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Претходните дискутанти доволно кажаа за овој амандман, меѓутоа, имам една морална обврска спрема гласачите и спрема луѓето кои живеат во рурални средини и ридско-планински предели, да земам збор и да дадам поддршка на амандманот кој се однесува на дел од средствата кои треба да придонесат за подобар живот и за развој на руралните средини во Република Македонија.

Факт е дека во Република Македонија имаме состојба која дел од нејзиниот дел е во многу незавидна состојба односно луѓето кои живеат во ридско-планинските предели едвај се борат за егзистенција односно едвај преживуваат.

Во некои средини дури немаме електрична енергија, во некои средини уште живеат во услови кои не се својствени за 21 век, меѓутоа, тоа е тоа.

Со овој закон очекуваат да се придонесе за нивен подобар живот односно за враќање на луѓето од средините од кои потекнуваат. Меѓутоа, факт е дека се нема слух, се нема сенс за да се обезбеди нешто на луѓето кои го заслужуваат. Меѓутоа, тие луѓе не се откажуваат од својата идеја и затоа ние како пратеници ги поднесуваме и даваме поддршка на овие амандмани.

Како ќе се развива еден регион во ридско-планински предели кога нема да им обезбедиме никаков бенефит односно и она што го има ќе им го ускратиме.

Како да очекуваме да имаме еден рамномерен регионален развој кога на луѓето не им обезбедуваме баш ништо. Необезбедувањето на елементарни услови за да имаат можност да се вратат во своите родни места и да заживее одреден регион, мислам дека треба да имаат некои повластици. Повластиците кои ги нудиме со предлагањето на овој амандман, сметам дека ќе придонесат многу луѓе да се размислат и да се вратат во средините од каде потекнуваат за да инвестираат средства се со цел регионите кои се запоставени во изминатите години, да можат да се вратат во нормала, да можат да живеат, бидејќи благодетите што ги имаат треба да ги искористиме.

Знаеме дека Република Македонија е мала земја која мора да се базира на одреден вид на производство и на туризам, тоа е еко производството и еко туризмот.

Нашата држава дава одлични услови за производство на еколошка храна и тоа претежно во средините кои не се загадени односно во ридско-планинските предели.

Не би сакал да должам, но сакам да ја замолам владеачката партија и парламентарното мнозинство да имаат барем малку грижа на совест околу гласањето на овој амандман, бидејќи овој амандман не се однесува на политиката во Република Македонија и која политичка опција ќе победи, туку се однесува на амандман кој ќе им овозможи на луѓето кои живеат во руралните средини да се задржат во тој регион и да придонесат со инвестиции за развој на тој дел и за подобар живот на луѓето кои живеат во тие средини. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам, почитувани присутни, почитуван претседателе, колеги пратеници, господин министер.

Веќе неколку пленарни седници дискутираме по законот за поттикнување за рамномерен регионален развој.

Законот за рамномерен регионален развој го донесуваме да важи не само денес кога вашата коалиција е на власт, туку да важи и утре кога некоја друга партија ќе биде на власт и да важи и после 10 години.

Ваков закон каков што ни е предложен од страна на Министерството за локална самоуправа мислам дека неговата судбина ќе биде како и судбината на голем дел од законите кои ги донесуваме во овој парламентарен состав. Ќе донесеме еден закон, после тоа следуваат промени, измени и дополнувања, по шест месеци повторно истиот закон на дневен ред и така во недоглед.

Ефикасноста и менаџирањето на Собранието со тоа се сведува на минимум односно немаме голема ефикасност, немаме добри закони, немаме плодна работа, унапредување на нашата многу сакана, верувам од сите нас, Република Македонија.

Амандманот кој го поднесовме како пратеника група на СДСМ, односно дел од пратениците, предвидува распределбата на средствата за поттикнување на рамномерниот регионален развој да се врши по друг принцип поточно дел од средствата од ставот 1 на овој член да се користат за плаќање на придонесите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување на лица кои живеат во погранични, рурално планински и други подрачја кои заостануваат во развојот.

Веќе подолги години постоеше Фонд за неразвиени подрачја од каде се финансираа проекти за електрификација токму на овие предели, за изградба на патишта, изградба на водоводи и други инфраструктурни и комунални потреби.

И покрај сето тоа истите подрачја се повеќе и повеќе заостануваа, но и покрај тоа населението од овие подрачја живее со минимум средства на работ на егзистенцијата.

Со овој амандман предвидуваме прво, луѓето кои живеат во овие подрачја да добијат средства од Република Македонија за исплата на пензиско, инвалидско и здравствено осигурување. Познато е дека повеќе од 72 дена стечајците седат пред Собранието на Република Македонија. Нашиот Парламент и Владата на Република Македонија немаат слух за решавање на нивниот проблем. Дури не не сослушувате за сето ова кое го дискутираме. Генералниот секретар и претседателот сигурно имаат некоја поинтересна тема отколку нашите дискусии, отколку основната работа и основната дејност за која сме овде.

Што би сакала уште да додадам?

Факт е дека на власт во Република Македонија е десничарска Влада, Влада која вели не за стечајците, Влада која вели не за развој на руралните и неразвиените подрачја, а Влада која вели да за 500 илјади евра потрошени во ЕЛЕМ за спонзорства и реклами, Влада која вели да за грантови на големи компании да дошле во Македонија кои бараат 40, 50 милиони евра од Буџетот, Влада која вели да за зголемување на и така богатите фирми.

Овој амандман предвидуваме барем малку да ја испегла состојбата помеѓу неразвиените, помеѓу руралните, пограничните и другите подрачја и останатиот дел на Република Македонија.

Свесни сме дека нема да биде изгласан, меѓутоа, би сакале да кажеме факти кои се присутни во денешната јавност, во денешното егзистирање на македонскиот народ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Очекував дека министерот ќе го прифати овој амандман и не знам кои му беа аргументите заради негово неприфаќање.

Би сакала да образложам од кои причини го поднесовме овој амандман и зошто треба, особено дел од пратеничките групи или од пратениците кои се сега во коалиција со владеачката ВМРО-ДПМНЕ, да го поддржат овој амандман.

Со законот за поттикнување на развој на стопански недоволно развиените подрачја, за една категорија на граѓани кои живеат во рурално неразвиените подрачја има востановено една бенефиција, едно право, а тоа е државата од средствата кои граѓаните на оваа држава ги одделуваат за поттикнување на развојот на овие стопански неразвиени подрачја, граѓаните кои живеат на овие подрачја, на граѓаните државата да им плаќа придонеси за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување. Тоа беше регулирано со Законот за поттикнување на развој на стопански недоволно развиените подрачја кој закон во преодните и завршните одредби престанува да важи овој закон по кој дебатираме, престанува да важи и се укинува.

Сметаме дека во овие стопанско недоволно развиени подрачја живеат граѓани на Република Македонија кои ги немаат еднаквите можности како останатите граѓани во развиените, повеќе развиените или поразвиените подрачја. Не е случајно што државата одредила една ваква бенефиција за овие граѓани затоа што прво и основно сметале, а сега сметаме и ние дека за да се запре миграцијата село град, за да се запре миграцијата на населението од недоволно развиените подрачја во развиените подрачја еден од механизмите е точно ова право.

Сега донесуваме закон за рамномерен регионален развој, признаваме дека во државата на сите подрачја немаме рамномерен регионален развој, признаваме дека сеуште имаме подрачја кои се недоволно развиени, признаваме дека оваа држава на сите граѓани не им овозможила еднакви услови за живот и стопанисување, признаваме се, но не им го признаваме правото на оваа група на граѓани, правото и понатаму државата да им исплаќа придонеси за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување.

Јас очекував од министерот, очекувам и од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи се мнозинство, добро да размислат, да не укинуваме една бенефиција која егзистирала до сега, која постоела до сега, која е многу значајна за Република Македонија затоа што тоа е еден механизам да ги задржиме луѓето во недоволно развиените подрачја за да можеме после, согласно овој закон, да ги развиваме овие недоволно развиени подрачја.

Колеги пратеници, не може да носиме закон за рамномерен регионален развој, да сакаме подеднакво сите подрачја да ги развиеме, да признаеме дека уште не ни се расвиени сите подрачја подеднакво и да укинуваме бенефиција која е основен механизам да се задржат овие луѓе таму, минимален е тој број, таму каде останале и прво да ги задржиме, па потоа да почнеме тие делови од државата да ги развиваме.

Искрено да ви кажам мене ова ми личи како контра мерка. Ако ја укинеме оваа "привелегија" на оваа група на луѓе, ако тие луѓе за брзо време се преселат во развиените подрачја и повторно се пренаселиме по градовите таму каде 90% од населението ќе го донесеме ако вака продолжиме, зошто ни е закон за регионален развој? Ќе ги развиваме само центрите? Ќе ги развиваме само градовите? Ние треба еднаш како држава треба да создаваме еднакви можности за сите луѓе, барем приближно еднакви. Ние треба и понатаму ова право на граѓаните кои живеат во овие подрачја, треба да поддржиме да остане и да го укинеме оној момент кога ќе ги развиеме овие подрачја приближно толку колку развиените центри за да може на овие луѓе да не им е тешко прво да останат таму, да работат и после да имаат можност сами да си ги плаќаат придонесите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување.

Уште еднаш се обраќам до сите оние кои не ме слушаат, добро да ме слушнат, значи, со овој закон сакаме рамномерен регионален развој на целата држава, со овој закон сакаме да ја намалиме миграцијата или да ја спречиме миграцијата село град, со овој закон сакаме недоволно развиените рурални подрачја да ги развиваме, со овој закон укинуваме едно право на луѓето кои треба да останат таму на своите подрачја и после заедно со нив врз основа на овој закон, да направиме услови или основи за регионален развој.

Очекувам овој амандман да го поддржат пратениците особено пратениците на НСДП оти ова навистина е социјалдемократска вредност. Очекував исто така пратеничката од ДОМ да го поддржи, очекувам и од Социјалистичката партија да го поддржат, а уште повеќе очекувам од ВМРО-ДПМНЕ затоа што тие се мнозинството, очекувам дека од образложението сфатија што всушност се прави со укинувањето на ова право што до сега го користеле луѓето.

Значи нека остане тоа право и понатаму и ние ќе го укинеме повторно, со измена на закон, тогаш кога ќе видиме дека навистина сме им овозможиле на лугето во недоволно развиените рурално подрачја, оние што сега ги користат тие права, сме им овозможиле услови да може овој финансиски дел, прво да останат таму, а потоа и сами да можат да го поднесуваат на сопствен товар, на сопствен буџет и да ги исполнуваат обврските спрема државата. Значи очекувам поддршка на овој амандман затоа што аргументите што ги кажав, навистина се такви што повеќе не треба да се образлага и треба да се поддржи овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за локална самоуправа, господинот Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Ни се случуваат некои апсурдни работи. 17 години молчевме кога се затвораа фабриките, кога се крчмеше имотот, кога имаше безправна приватизација во Република Македонија, а денес жалопојки по тие кои останаа без работа, па не потсеќаат на секоја седница дека луѓето се наоѓаат пред Парламентот, дека им е потребна помош, а не мислеа истите тие луѓе кои тогаш го распарчуваа имотот дека тие луѓе денес ќе се најдат пред Парламентот.

Од друга страна, од пратеничката што зборуваше пред мене беше кажано дека имало некоја бенифиција од 1500 или 2000 денари за младите луѓе да ги задржиме во недоволно развиените подрачја. Мислам дека тоа не е бенифиција и дека младите луѓе се страмат од таквата помош која им ја нудиме. Младите луѓе сакаат училишта, сакаат асфалтни патишта, сакаат можност за бизнис, сакаат нивните деца да учат а тие да одат на работа. Едноставно тоа го очекуваат младите од Владата на Република Македонија и од нас сите тука почитувани пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам министре.

Три минути реплика за госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Господине министер најмалку очекував од вас да ми дадете ваква реплика.

Прво, требаше да дадете аргументи контра моите аргументи што ги дадов во прилог на прифаќање на овој амандман.

Господине министер тоа не е политичка дебата. Кога ќе излеземе на дуел, политички, што СДСМ направило и што ВМРО ДПМНЕ направило за оваа држава, може да дебатираме. Но овде беше конкретна дебатата.

Што се однесува до фирмите: Годел, Порцеланка, и не знам кои уште, во ваше време се затворени, но тоа не е сега прашање. Прашање е укинување на едно право кое до сега го користеле граѓаните, граѓаните и од село Мемешле и од Висока Мала и од Орманли, ако ги знаете, а се недоволно развиени, сакаат да учат,

сакаат школи. Но, господине министер граѓаните од тие села немаат ни пристап да учат. Задржете ги таму. Не укинувајте им го ова право. Нека останат луѓето таму каде што се и после заедно сите овде да им градиме школи и патишта и да ги унапредуваме условите во нивните региони за да не ни се случи повторно тие луѓе да одат во градовите, како што и до сега се случувало.

Навистина, јас очекував дека вие ќе дадете аргументи контра моите аргументи со кои ќе ме убедите дека навистина не е добар амандманот и треба да го повлечам, а јас до сега сум покажала во ситуации кога министрите ми дадат аргументи дека навистина не сум во право, јас сум повлекувала амандмани. Но, овде цврсто сум сигурна дека сум во право. Ние овде не поддржувајќи го овој амандман и покривувајќи се со вакви девати, овде не сме за политика, ќе излегуваме на дебати на друго место, овде конкретно и точно дебатираме за едно право, за една група граѓани кои до сега го користеле ова право и сите ние овде не треба да сакаме да биде укинато ова право бидејќи не се создадени условите да биде укинато, бидејќи државата се уште не им овозможила на луѓето од овие региони еднакви можности за живот, затоа што овие луѓе не ги користат сите оние привилегии и бенифиции, како граѓани на оваа држава. Не смееме така да се однесуваме. Лесно е, со едно законско решение кога ќе го донесеме, ќе го укинеме тоа право, но што со оние луѓе кои, малку се господине министер, пребројте ги колку се, да ги вратиме назад. Не е ова политика, господине минситер, ова е реален живот.

Јас навистина ги отфрлам нашите аргументи, ако всушност беа аргументи. Тоа беше некоја политичка дебата која сакавте да ја водиме овде.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе.

Господине министер, мислев дека барем во репликите ќе слушаме аргументи и барем малку ќе има одговорност во она што го кажувате. Овде воопшто не станува збор за жалопојки. Укинувате право на одредена категорија на луѓе кои живеат во стопански недоволно развиените подрачја, а воедно се залагате да направиме рамномерен регионален развој во Република Македонија. Да, ама со ваков закон и по ваша мерка нема да направите рамномерен регионален развој.

Ако милувате да разговараме за жалопојки, тогаш веројатно на некоја друга седница, или можеми на седницата за пратенички прашања ќе имате шанса да кажете за многу случаи и од сега и за од порано. Тогаш да слушнат граѓаните нешто што ќе им личи на жалопојки.

За она што посебно во Куманово го направивте во периодот од 1998 до 2002 година, Кумановци се желни да ги слушнат овие жалопојки и да се потсетат на тоа време на Даравелски, кој сега се шета во Србија, сите фирми купени од ВМРО ДПМНЕ во Куманово, пропаѓаат. Сега во овој министер за правда омент разговараме за тоа што сакате да им укинете уште едно право, како што го укинавте она на стечајните работници. Таков однос без нудење на аргументи, пред четири дена да прифатите амандман што се однесува на пензиско инвалидско осигурување, на неформална средба и ветите дека тоа е добро да имаат вакво гарантирано право, сега ни кажувате дека ваквата дискусија е празна и личи на жалопојка. Тоа говори само за вашиот однос кон граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, очекувам дека барем парламентрното мнозинство, оние кои ви дадоа мандат да седите во министерската фотеља, ќе бидат малку посвесни од вас и ќе гласаат за.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Влатко Серафимовски.

**Влатко Серафимовски:** Почитуван претседателе, почитуван господин министер,

Немав намера да реплицирам, меѓутоа ме испровоциравте со вашата дискусија односно со жалопојките. Не се тоа жалопојки. На кого да се жалиме. Најмалку ќе се жалиме на вас. Вие ниту имате сенс, ниту имате слух за амандманите што ги поднесуваме во интерес на граѓаните на Република Македонија. Пак ќе кажам, таму не се работи за луѓе кои ќе бидат од СДСМ, ВМРО ДПМНЕ или ЛДП, или ДУИ и ДПА. Се работи за сите луѓе, категорија на луѓе што во овие моменти едвај егзистираат таму. Замислете еден професор во едно планинско село Цера, кој во зимски период не може да се симне во урбаните средини. Тоа за вас е жалење, тоа за вас е игнорирање на законот, или не знам што.

Со овој закон за рамномерен регионален развој, ако го донесеме, се укинува една стимулација на луѓето што работат во ридско-планинските предели. Таа стимулација треба да им ја дадеме на луѓето, треба да ги вратиме луѓето во селата, а не да се сконцентрираме во Скопје, во Битола, или во другите поголеми градови во Република Македонија, а руралните средини ќе ги оставиме на кого ќе ги оставиме?

На секое наше поставено прашње, почитуван министер вие не ни давате одговор. Вие само сакате да не искарате, да ни кажете дека ние не сме кооперативни, дека ние не сакаме да одработиме, за законот, за регионален рамномерен развој, а ниту еден амандман кој е суштински, не што не сакате да го прифатите, туку не сте го ни разгледувале, не знаете ниту за што се работи. Најлесно е само да кажете дека амандманот не се прифаќа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван минситер.

Особено се обраќам до колегите пратеници од парламентарното мнозинство со неколку збора што ќе кажам, можеби тие ќе го променат своето мислење и ќе дадат поддршка на овој амандман.

Јас сакам да дадам поддршка на амандманот затоа што апсолутно, според мене, овој амандман е прифатлив и е потребен.

Ако говориме за рамномерен регионален развој, јас подразбирам, пред се овој закон да биде во функција на развивање на неразвиените региони или подрачјата со специфични потреби, да се обрне поголемо внимание на истите. Тоа го подразбирам под рамномерен регионален развој, не подразбирам под рамномерен развој повторно да се развиваат тие развиените, а овие што и досега заостанувaа, наместо малку да се подобри ситуацијата, уште повеќе да заостануваат.

Со самото тоа дека не се сака суштински нешто да се направи со овој закон, беше и одбивањето на амандманот на мојот почитуван колега Слободан Најдовски. Тој добро зборуваше и го образложи зошто беше потребен, направи компаративни анализи со соседните и подалечните земји, да видиме колку таму средства се зафаќаат и учествуваат во развојот на општините и регионите. Меѓутоа, за жал и тука остана онаа најниска ставка што и претходно ја имаше предвидено Владата на Република Македонија. Сега, уште повеќе сум изненадена што наместо да се даваат некои нови права, барем малку да им се олесни животот на овие граѓани, јас знам дека тоа не е единственото решение и можеби тоа не е најдоброто решение. Јас се согласувам со министерот, да, треба да се градат школи, но во тие школи треба прво некој да оди. Дали сме отишле во пограничните региони, дали сме отишле во селата Мариовско, без разлика дали е битолскиот, прилепскиот или кавадаречкиот дел. Секаде селата се пред се без деца. Значи, нема таму кој да оди во тие училишта. Наједноставно е да кажеме ќе градиме училишта. Точно е дека треба да се гради инфраструктура. Се потешко луѓето живеат по грдовите. Можеби некој од нив повторно ќе ја побара својата егзистенција назад, иако се сомнева во тоа, но може и тоа да се случи. Кога е во прашање егзистенција и човек изгубил сексква надеж, тоа е последната надеж. Јас велам дека тоа не е единственото решение и се согласувам дека треба многу повеќе да се инвестира, да се направи инфрастуктура, да има проекти кои ќе овозможат изградба на мали средни претпријатија, развивање на други видови бизниси. Во секој случај ова е само една мала надеж за оние граѓани кои се таму. Знаеме колку е нивната старосна структура и навистина ним им е најпотребно придонесите за ПИОМ, затоа што тоа е она што нив најмногу им треба. Значи, тоа е едно право кое и досега постоело. Тоа не е нешто на пратениците од СДСМ да бараат нешто ново. Бараат само да се задржи постојното решение и со тоа да им се овозможи на луѓето да продолжат да ги земаат и овие средства кои и така не се многу големи.

Ако го погледнеме и целиот член 29, ќе видиме дека средствата од пртходниот став кои се распоредуваат за развој на подрачје со специфи!ни развојни потреби, се одделуваат само 20%. Значи, 70% се за развој, за планските регионi, овде е само 20%. Тоа не е некоја голема бројка, не е можеби ни мала, времето ќе покаже каква е, но навистина уште овие средства, со оглед на тоа што сите ние знаеме какви се селата, поготово во руралните ридско-планински и погранични региони, колку население живее таму, навистина не се тоа големи средства и не се работи за тоа дека поединечно тие ќе добиваат не знам какви пари, но за ниф ќе бидат од суштинско значење, поготово што токму н а овие луѓе им е потребно здравствено и пензиско осигурување, затоа што кажав, нивната возраст е таа што имаат потреба да го користат ова здравствено осигурување.

Не гледам зошто колегите пратеници од парламентарното мнозинство не би го поддржале тоа. Не би се нанела некоја не знам каква штета на буџетот, а во голема мера ќе се придонесе луѓето кои живеат таму и да остануваат таму, затоа што вака и тие се принудени да дојдат тука кај своите синови и ќерки или кај некои поблиски или подалечни роднини, наместо да останат во регионите. И тие малку што останаа, наместо да направиме нешто да ги задржиме таму, покрај другите мерки што беа спомнати, не знам навистина зошто тоа не го прифати министерот. Најверојатно не го прифаќа затоа што доаѓа како предлог од опозицијата. Но, навистина не гледам зошто и парламентарното мнозинство не сака да го прифати овој амандман, не сака да даде согласност, затоа што, како што реков, навистина, за одредена група на луѓе ќе дадеме голема надеж со малку средства.

Почитувани колеги пратеници, очекувам дека овој пат ќе проработи совеста затоа што голем број од вас, можеби и предците дошле токму од овие региони, дел од вас имате сигурно блиски роднини кои живеат таму и пред овие луѓе треба да излезете и да излеземе сите, утре, задутре, кога повторно ќе одиме да го бараме нивниот глас, да кажеме, ни е не се сеќаваме на вас само кога ќе дојдат изборите, еве и кога носиме закони, знаеме дека ова е малку, но барем нешто сакаме да направиме за животот да ви биде, колку толку поподнослив.

Поради сето тоа што го кажав ќе дадам поддршка на овој амандман. Очекувам дека и пратениците од парламентарното мнозинство ќе го поддржат амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Јас навистина не сакам да се повторувам со колегите, но некои амандмани заслужуваат коментар. Тоа е еден од овие амандмани.

Навистина, кога добро ќе се прочита амандманот и кога ќе се разбере суштината зошто овој амандман е поднесен, се поставува прашањето кое неколку пати овде и јавно се постави, зошто го носиме законот кој навистина ја губи смислата во делот не само на рамномерен регионален

развој туку овој закон треба да донесе запирање на миграционите движења од цели рурални региони во големи урбани центри.

Овој закон треба да донесе во одреден степен на започнување на балансирање на населението на распределба по целата територија на Република Македонија. Само, да не верглам така, јас би го повикал министерот, бидејќи е од истиот регион да размисли за примерот на Мариово. Во Мариово има околу 200 луѓе. На најголемата територија која што е и најретко населена во Република Македонија во кои што старосната граница е над 70 годишна возрасте, 95% се корисници на придонеси и пензиско и инвалидско осигурување кој се подмируваат, согласно Законот за поттикнување на развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Со членот 70, од овој закон им се укинува тоа право. Со амандманот предлагаме во членот 29 да се обезбедат средства за натамошно плаќање на оваа категирија на население. Доколку ова се оствари, тогаш која е идејата на Владата да носи закон, со кој што и така слабо населените подрачја, кои што немаат некој основ по друг основ да ги подмируваат овие потреби, да живеат во тие краишта и уште повеќе, по кој основ ќе се привлекува населението кое што мигрирало од тие краишта, повторно да се врати назад со некои инвестициони програми, или не знам какви развојни програми. Така да, многу е пластичен примерот, многу едноставно е. Кај нас вели обичниот народ што всушност, се постигнува. Од друга страна не добиваме одговор, зошто на вака разумни барања кои што донекаде и со Устав гарантираните социјални права се нарушуваат, не можат да се остварат со имплементација на ова ново законско решение, односно кога членот 70 се активира после донесувањето на законот.

Затоа, јас навистина, би сакал едно објаснување од министерот, зошто не го прифаќа ова, зошто ги укинува овие субвенции на една мала категорија на население и зошто не дава позитивна енергија или зелено светло со усвојување на овој амандман да се обезбедат средства кои што ќе се надополнат за оваа намена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господин Владимир Ѓорчев, повелете вашите три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе. Јас само би сакал да кажам неколку работи, а тоа е дека ја делам загриженоста во дискусиите кои што ги имаа господино Герамитчиоски, госпоѓата Цветанка Ивановска и колешката Роза Топузова Каревска, и би сакал да нотирам неколку работи кои се однесуваат на опустошувањето на цели региони на Република Македонија, значи дека нема новороденчиња, нема деца, дека има неповолна старосна структура на населението. Јас само би ве замолил да се сетите и кога друг пат ќе дискутираме за слични теми да ги имаме истите аргументи предвид. Зошто? Затоа што во било кое општество, во било која цивилизација, во било која држава прашања кои што се поврзани со депопулацијата и со демографијата не се надминале со административни мерки. Не сакам да спорам околу амандманот, туку чисто, дека единствено се успеало со традиционалните конзервативни вредности да се зачува семејството.

Значи, токму во насока на она што го говоревте, јас мислам дека ние ќе бидеме заедно сојузници во тоа бракот да остане заедница помеѓу мажот и жената. Потоа да имаме присуство на црквата и верата во секојдневниот живот, оние позитивни вредности кои што ги промовира. Да имаме ситуација каде луѓето нема да бидат толку себични, колку што се, или пак нема да бидеме толку материјалисти, колку што сме.

Господине Герамитчиоски, сетете се или видете најбокатите десет луѓе во Македонија дали имаат повеќе од две или три деца. Значи, не е до средствата, туку до она што се нарекува општествен, државен или пак цивилизациски менстрип. Сетете се на најбогатите 500 адвокати, доктори во Македонија, архитекти, градежници, исто така ќе дојдете до одговорот дека имаат по едно или две деца.

Значи, се работи за атмосферата во општеството која што се наметнува, се работи за вредностите, кои што како граѓани, како поединци, како индивидуи ги ставаме во прв план.

Јас би додал и нешто повеќе за она што вие го спомнувате како идна можност, а тоа е дури да дојдеме во ситуација, Битола за 20 години да има 40 илјади жители, Штип за 20 години да има 20 илјади жители, или пак Скопје да падне на 400 илјади жители, од кои што просекот на години ќе биде 60 или 65. Значи, кога ќе зборуваме друг пат, за некој други вредности во ова Собрание да ги имаме предвид тие работи и заеднички да градиме една цел или стратегија, како да ги пресретнеме овие идни предизвици. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Господине Тале Герамирчиоски вашата контра реплика од една минута, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Господине Ѓорчевб јас не знам, јас зборував конкретно за амандманот. Оваа тема која што ја наметнавте е за поширока дискусија и ова не се однесува на популацијата, наталитетот, морталитет итн. Овде конкретно посочив на пример на едно население од мариовскиот дел кој што над 90% се над 70 годишна возраст. За какво семејство, за што зборувате. Елементарните права на здравствено и пензиско осигурување ги надоместуваат од тие средства наменети во законот. Со ова вие им ги укинувате. Ние со амандманот предлагаме и други средства од кои се надополнуваат нивните потреби. Јас бев многу конкретен, а ова е тема за дискусија, можеби за некој симпозиум. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот министер за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека непотребно градиме една теза, а потоа се прилепуваме за таа теза и градиме дискусии. Нема дилеми во јавноста, јас ќе го прочитам член 70. Беше напоменато од претходниот пратеник кој дискутираше дека икс луѓе кои живеат во Мариово, кои се на 70 годишна возраст, стекнале некое право и сега со овој закон ќе им се укине тоа право. Не се однесува само за луѓето и граѓаните кои живеат во Мариово, туку и на други подрачја, со специфични развојни потреби.

Членот 70 гласи вака: “Лицата кои имаат стекнато право на плаќање на придонеси за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, согласно Законот за поттикнување на развој на недоволно развиените подрачја, до влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да го користат до остварувањето на право на пензија, согласно Законот.

Средствата за обезбедување на право од став 1 на овој член се обезбедуваат од средства од член 29 став 2, алинеја 1 од овој закон”.

Значи, воопшто не се работи дека со овој закон на некои лица кои стекнале право ќе им го укинеме тоа право. Напротив, кажуваме дека продолжуваат да ги користат тие средства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Тале Герамитчиоски. Повелете вашите три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Двајцата сме инженери и кажуваме конкретни податоци. Значи, не знам зошто не се разбираме. Во последните 5-6 години, еден временски период, околу 10 илјади население од мариовскиот дел е населено во Прилеп, кога сеуште работеле индустриските капацитети, или не знам што, сега се сите под Заводот за вработување. Се поставува логично прашањеот, значи преку разни мерки за поттикнување на земјоделството, сточарството, се повикуваат да се вратат во родните огништа, каде што постојат одлични предиспозиции за развој на сточарството, бидејќи последниве години бележи добар подем, добри резултати. Сега, зошто за нив да не важат овие критериуми во однос на тие другите, кои се преселиле пред 3-4 години, или зошто сега ако ги поттикнувате да се вратат таму, зошто во првите моменти обезбедуваме средства со овој амандман преку одредени извори да не им се помогне на почетокот да застанат на нозе и да започнат бизнис во тој навистина рурално неразвиен дел за кој што се потребни исклучително високи средства за заживување на одредени гранки и активности.

Значи, јас не спорам ова што министерот кажува. Но се доведува во прашае уставноста, значи уставниот карактер на еднаков пристап кон сите граѓани, кои што потекнуваат од еден ист регион. Значи, за некого ќе важи, а за другиот кој што ќе се досели таму нема да важи. Јас мислам дека постојат силни аргументи и од практичен аспект и со конкретен пример добро да се размисли за овој амандман. Не е ова за СДСМ, ова е за населението и навистина е во функција за изработка на добар закон, кој што навистина, ќе поттикне рамномерен регионален развој на средините. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам многу за зборот.

Почитуван министре овој амандман на членот 29 од Законот за рамномерен регионален развој кој го поднесе СДСМ бара дел од средствата кои ќе се издвојуваат од општествениот производ во висина од 1% за кој со претходните амандмани ние баравме да се зголеми тој процент за обезбедување на рамномерен регионален развој, значи со дел од овие средства да се користат за плаќање на придонесите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување на лицата кои живеат во погранични, рурални, рударско-планински и други подрачја, кои заостануваат во економскиот развој.

Значи, почитуван министре ова што ние го бараме со овој амандман претставува мерка која придонесува за рамномерен регионален развој. Значи, овие средства што ќе се издвојат нема да бидат залудно, или нерационално потрошени.

Прво, како ќе се распределат средствата, тоа е прашање кое за себе го задржува Владата. Значи, овој пат, бидејќи се многу чувствителни, не чепкаме по ингеренциите и привилегиите на Владата. Наместо да направи децентрализација преку овој закон за рамномерен регионален развој да си приграби за себе што повеќе моќ и всушност, да ја централизира локалната самоуправа. Овој пат не посегаме во ингеренциите на Владата. Во крајна линија Владата е таа што ќе одлучува за распределбата на средствата. Меѓутоа, бараме согласно членот 27 став 2, за кој говори членот 29 став 1, на кој имаме поднесено амандман, овој 1% од општествениот производ да се искористи и за вакви лица кои живеат во вакви неразвиени подрачја за нивните основни права од пензиско, инвалидско и здравствено осигурување.

Значи, почитуван господине министре не се работи за никакви привилегии или некој други повластици за овие лица. Се работи за елементарни права кои и досега ги користеле и им следуваат, а вие, не само што не ин давате права, туку напротив и укинувате веќе постоечки права. Како со вакви решенија во законот, не ми е јасно, како ќе спроведете рамномерен регионален развој  затоа што многу јасно кажуваме со овој амандман за кои региони се однесуваат оние најзагрозени и најнеразвиени региони. За тие луѓе се однесуваат овие средства. Затоа, кога говорите за жалопојки, ако не сакате нас да не слушате, одете кај тие луѓе

видете како живеат па тие да ви го кажат тое директно, па да слушнете што се жалопојки.

Мислам дека на ваков начин неправедно ги дискриминирате и ги навредувате, ги деградирате уште повеќе овие луѓе. Не само што со законот им ги ускратувате правата, туку и со вашиот однос овде со изјави во Собранието.

Значи, почитувани претставници на Владата нема развој, па уште и рамномерен без луѓе. Што ќе правите ако овие луѓе поради овие права што им ги укинувате и не им ги давате објективно во потрага за подобра егзистенција, основна егзистенција, не за луксуз се иселат. Како ќе ги развивате овие краишта доколку се иселат луѓето. Значи, оваа мерка придонесува за развојот. Во спротивно, која ќе ви биде целта на законот. Целта на законот ќе ви биде само што Владата приграби за себе повеќе моќ и привилегии да одлучува како да се трошат парите и да ги распределува. Дали секоја одговорна власт мисли на луѓето да им обезбеди, посебно на оваа категорија на луѓе, за кои е наменет амандманот за основните животни потреби. Откога ќе им ги обезбедите на луѓето основните животни потреби, дури потоа можете да размислувате за некаков развој. Вие не сте способни тоа да го обезбедите како основна ваша обврска за секоја одговорна и сериозна држава, а камо ли да креирате некој развој. Затоа основани се сомневањата дека со овој закон ви е само казнен лист хартија што реално со вашата политика тешко да заживее и тешко во реалноста луѓето да ги почувствуваат вистинските ефекти за кои е наменет законот и да ги даде вистинските резултати. Маркетиншки ќе прикажувате дека се грижите за општините, се грижите за развојот, за инвестициите, за подобар живот на граѓаните. Прашање е граѓаните кога ќе можат да почувствуваат од сето тоа. Затоа овој закон ви е неприменлив. Значи, прифаќајќи го овој амандман е еден вид на прва помош. Се работи за егзистенција, а не за привилегија на овие луѓе. Ова е прва помош за тие луѓе. Откога ќе го направите ова, дури потоа ќе можете да зборувате дека имате искрени намери да креирате регионален развој и тоа уште рамномерен.

Затоа, не смеете да си играте со основните права на граѓаните, посебно кога задираат за придонесите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, за луѓе кои целиот работен стаж издвојувале за кога ќе одат во пензија да имаат некоја основна егзистенција и основна сигурност. Не можете да си играте и да ги доведувате во прашање основните права на граѓаните кои произлегуваат од здравственото осигурување. Ние токму тоа го бараме со овој амандман. Затоа размислете немојте со ароганција да настапувате и да се задоволувате со рејтингот и довербата која ја имате, меѓутоа, од вакви реални теми од животот, таа доверба многу брзо се претвора во недоверба. Затоа, сватете ја сериозно оваа работа, сериозно овој предлог на амандманот сватете го и на крајот прифатете го и покажете вистинска конструктивност, а не само да прифаќате амандмани кога се предложени и потпишани од пратеници од владеачкото мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитуван господин министер, колеги пратеници.

Навистина не можам да кажам дека сум изненадена од неприфаќањето на амандманот од страна на министерот, но не можам да го разберам таквиот став. Имам дилема дали вашата цел е навистина да се овозможи рамномерен регионален развој во Република Македонија, или пак ви е важно само да кажете дека овој закон е донесен во Парламентот независно од тоа каква е содржината на законот. Да ве потсетам, дека изборите во Република Македонија во случајов вие, но и секој ги добива врз основа на гласовите на граѓаните кои гласаат за некој очекувајќи да се направи нешто повеќе од тоа што постои во моментов, а не да им се укинува и тоа што го имаат. А со неприфаќањето на овој амандман вие го правите токму тоа, наместо да направите нешто повеќе за граѓаните, го укинувате и тоа што го имаат. Но, за жал, навистина се повеќе се уверуваме дека ваша цел е да го срушите тоа што постои, а не да направите нешто ново. Овој закон треба да овозможи рамномерен регионален развој, треба да овозможи да се намали приливот на граѓаните во големите центри, значи да се намали тој прилив што постојано го има. Сите добро знаеме да кажеме кога одиме во некоја друга земја дека таму има умереност во движењето на населението, во развојот на центрите и оние што се порурални делови. Но, за да го направиме тоа во Република Македонија треба да најдеме начин, треба да изградиме критериуми. Но, за жал, вие со неприфаќањето на амандманот како што споменав и тоа што постои и што во моментов и не е доволно, бидејќи досега постоело, но не го намалува тој прилив врз големите центри. Што значи дека покрај тоа треба да се предвидуваат други мерки, вие го рушите и тоа што постои. И затоа не може да ме уверите дека навистина имате искрена намера регионалниот развој во Република Македонија да биде рамномерен. Навистина не знам дали е во прашање инает, или пак е во прашање нешто друго, некакви други цели. Но, заклучокот е дека се што доаѓа како предлог од опозицијата се одбива како предлог. Но, да ве потсетам дека опозицијата овде не е врз основа и пратениците од опозицијата врз основа на сопствена желба, туку напротив, тоа е парламентарната демократија. Ние сме овде врз основа на гласачите на бројот на гласови на гласачи кои го дале гласот за пратеници од опозицијата и своите предлози, своите амандмани ги даваме црпејќи го тој мандат од граѓаните. Значи, не смеете да ги занемарите граѓаните на Република

Македонија кои имаат различни мислења и цели од тоа што е во моментов ваша цел. Секако на ова се надоврзува и лошиот начин на менаџирање во Парламентот. Па, еве и денес додека сме овде во собраниската сала утринава изненадени сме од закажување на нова седница за 18-ти со скратени рокови, со рок за поднесување амандмани до 17-ти, значи за само три дена и тоа редица десетина, петнаесет нови законски текстови и покрај тоа што цела една седница не е ни почната, не е ни утврден дневниот ред, само ја добивме како предлог верзија. И наместо да настојувате да се подобри тој начин на работа во Парламентот, напротив вие игнорирате се што е предлог на опозицијата. Тука секако улога има и претседателот на Парламентот, меѓутоа и министрите кои овде во Собранието доаѓаат како претставници на Владата, точно е дека доаѓаат од друга институција, но не се овде на гости, не доаѓаат за нешто што е различно од нивната работа, туку доаѓаат да добијат од нас подршка за тоа што претставува нивна работа. А не можат да добјат подршка ако апсолутно ги игнорираат сите наши предлози. И наместо однапред кога ќе се добијат од страна на минстрите амандманите да ги проучат добро, да направат консултации со пратениците што ги поднеле, да се укаже што е прифатливо, што е неприфатливо, вие тоа го правите само ако почувствувате дека нешто ви загустило и дека процесот стои во место. Но, по ваша вина заради тоа што однапред не сте превземале никакви активности да влијаете позитивно на работата во Парламентот. Но, тоа го правите само настојувајќи пред јавноста да ги покажете, или да ги прикажете претставниците на опозицијата во Парламентот како кочничари. Но, мислам дека последните моменти ги трошите за тоа, бидејќи јавноста гледа што се случува овде во Парламентот, го гледа дури начинот на закажување на седниците, дебатите, амандманите, итн. Сметам дека е навистина крајно време да се влијае малку позитивно врз работата на Парламентот. Па дури еве, слушаме коментари и од колеги пратеници од позицијата по однос на овој амандман дека кога ќе зборуваме за други прашања поврзани за ова, значи ќе се решат и овие прашања што се предвидени со амандманот. Нема колеги друг пат. Кога ќе зборуваме друг пат? Ние зборуваме во овој момент и треба да зборуваме на тој начин, имајќи јасна претстава за тоа што градиме во иднината. Значи, сега е моментот да превземаме чекори кои нема да бидат видливи во моментов, туку ќе значат нешто за во иднина, а таа иднина секако дека се гради врз основа на приоритети. Со ваквиот начин на работа кој вие го покажувате, само ни потврдувате дека немате приоритети, немате јасна претстава за иднината, туку едноставно априори одбивате се што е предлог на опозицијата, што сметам дека не е добро, тоа не не води никаде, најмалку пак од тоа ќе имаат корист граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои сеуште не ги завземале своите места во салата, да го направат тоа.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата во моментот на гласањето.

Констатирам дека гласањето е валидно.

Гласале 60 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за менување на став 2 и за бришење на став 3, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Вака како што е дефиниран и поднесен амандманот од групата пратеници, не е прифатлив за Владата на Република Македонија. Значи, поблиските критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони се утврдуваат со акт на Владата. Меѓутоа, морам да напоменам дека по претходна согласност од страна на Советот за рамномерен регионален развој каде што учествуваат и 9 претставници од локалната самоуправа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Се сомневам во искрената намера на министерот навистина да го разгледа амандманот и да каже дали е прифатлив, или не. бидејќи ќе цитирам, тој кажа вака: каков што е поднесен, не е прифатлив. Е па како е прифатлив господине минстре? Ако имате желба и ако нешто од амандманот е во функција на законот, Владата има можност да направи корекција на овој текст, бидејќи пратениците веќе немаат право на амандмани, со амандман поднесен од страна на Владата. Тогаш ќе ви верувавме дека навистина сте ги разгледале и

сакате да ги разгледате амандманите на начин кој ќе значи нивно потврдување во функција на подобри решенија. А вака само уште еднаш потврдувате дека не сакате да прифатите ниеден став поднесен од страна на пратениците од опозицијата.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за менување на ставовите 1 и 2 и на став 6, поднесен од пратениците Трајко Вељановски, Силвана Бонева, Оливер Дерковски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е прифатен и според тоа тој станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 за бришење на став 4 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе,

Ќе се обидам да го објаснам амандманот, иако знам дека никого нема да убедам од парламентарното мнозинство за да го гласа овој амандман. Но, ќе се обидам да укажам и на апсурдноста која што е предложена во решението кое што ни го предлага Владата. Имено, амандманот се однесува на член 36 каде што се регулирани начините за доделување на средствата предвидени со член 29 од овој закон и предвидено е дел од критериумите кои што треба да се исполнат за да некој проект добие средства. Според предлогот на Владата за единиците на локалната самоуправа, односно општините каде што седиштето е во град и кои јавуваат проекти за развој на селата во нивен состав должни се, општините се дложни да обезбедат кофинансирање на проектот во висина од 50% од вредноста на проектот. Мислам овде е нејасно. Прво, дали кофинансирањето е само за изработка на проектна документација при конкурирањто. Но, вака како што е дадено е 50% од вредноста на проектот кој што ќе се гради за одредено место.

Јас предлагам, имам два амандмани кои што малку се разликуваат. Предлагам дека ова 50% од вредноста на проектот треба да се избрише во едниот амандман, тоа е сега првиот амандман. А вториот тоа да биде максимум 5% од вредноста на проектот. Ќе се обидам тоа пластично да го кажам. Можеби на некој ќе му стане појасно зошто ова го барам. Замислете еден проект да се конкурира за било кое село кое што спаѓа во општина Битола. Општина Битола колку што јас можам да проверам и да видам има околу 500 илјади евра годишно во програмата за сите комунални активности кои што се и од улици во градот, и од патишта, и од други објекти, комплет се 500 илјади евра вкупно. Сега да треба во некое село да речеме од пелистерсткиот, подпелистерскиот регион за развој на туризам или пак за некое село кое што е од рамничарскиот дел за развој на некои стопански дејности, општината Битола да конкурира со проект. Тој проект, ако сакате нешто вредно да направите ќе чини 300-400 илјади евра. Општина Битола треба сега да учествува со 50% од вредноста на проектот. Затоа реков на почетокот, ако е точно, ако се мисли на целосната изведба на проектот, треба да учествува со 250 илјади евра. Што значи дека само за еден проект треба да ги даде половината од целокупната своја програма за една година. Во тој случај верувајте ми ниедна општина во Битола што е со седиште во град ќе не може да го исполни овој критериум овде што е даден. Ако пак ова се однесува на изработка само на проектната документација, тогаш нека се каже дека е за тоа. Но, најверојатно е за вредноста на проектот. Кога се работи за вредност на проект, вака даден член, убеден сум дека не може тој услов да го исполни ниеден град во Република Македонија, односно дека според овој услов ќе не може да се финансира ниеден проект во било кое село кое што е составен дел на општини каде што седиштето им е во град. Што значи, однапред носиме одредба која што во пракса ќе неможе да се реализира. Вие сега имаме ситуација со оглед на тоа што буџетите на општините се мали, сега не можат да ги задоволат основните потреби кои што се за општините, за градовите, а камо ли да финансираат поголеми проекти во селата. Оттука сега се искористуваа досега делот кој што е за водоводи и канализација од Буџетот, ставката која што се однесува за недоволно развиените погранични ридско планински подрачја од Бирото и тие се недоволни средства. Сега ваква одредба кога детерминираме дека не може село кое што е во состав на општина чие што седиште е во град да конкурира за проект доколку општината не финансира 50% од вредноста на проектот, тоа е илузорно да сметаме дека некоја општина ќе може да учествува со таков проект, или тоа ќе може само проформа, на пример, вредност од 5-

6 илајди евра, па општината 50% со 2,500 евра ќе учествува. Но, тоа е мислам само декларативна определба дека ќе може селата од тие општини да учествуваат и да бидат третирани со овој закон.

Отаму, предлагам или овој амандман да се прифати, каде што целосно се брише “како што е за единиците на локалната самоуправа со седиште во село” или целосно да се брише овој член или тоа да биде минимално на 5%, или тогаш пак однапред да кажеме дека ваквото решение е дадено само со цел да се каже дека ете, во законот постои таква можност, но не може ниту една општина, ниту еден град во Македонија да го исполни тој услов.

Еве, ќе го зememна пример Тетово. Водоводот што со години од икс причини, не сакам да навлегувам, не е изграден, или таму што е се направено, дали општина Тетово е моќна во еден таков проект да учествува со 50%. Не сакам воопшто да невлегуваме во тоа што сега моментално е, затоа што го дадов само како пример, што се случува таму и кој што се направил, ако грешел, нека одговара. Или, за било кој друг град, дали ќе може да учествува за селата околу градот, за финансирање на проекти што имаат така висока вредност.

Затоа, повикувам, оние пратеници кои доаѓаат од внатрешноста, да го прифатат овој амандман, за да може членот да биде применлив. Во спротивно е декларативен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот министер за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе. Повеќе би сакал ова да биде како дообјаснување, отколку реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, имате збор.

**Зоран Коњановски:** Која е целта? Една од целите на законот е да се намали диспаритетот помеѓу градот и селото, затоа што знаеме дека голем број на села немаат асфалтирани патишта, граѓаните од тие населени места не можат да пијат здрава вода, што значинема водовод,нема канализација.

И до сега, кога се зборуваШе за општина, се подразбира градот и околните села што се лоцирани околу градот. Кога зборуваме за општината и вложување на инфраструктура на една општина, нормално се подразбира вложување во инфраструктура и на околните населени места. На тоа се нафатија господата градоначалници, кгоа се кандидираа на изборите, за развој, за локален економски развој, за инвестиции. Зборувам за плановите. Мора да се води сметка и за селата.

Ова што сега е предвидено во законот, господине пратениче, е дополнително. Дополнителни 10% за рамномерен развој, наменети за селата. До колку општините, урбаните општини сакаат да партиципираат во тие 10%, ќе мора да го направат со сопствено учество од 50%. Ако во некое село треба да се изгради канализација што чининекаде 20 милиони денари, 10 милиони треба да обезбедат општините од Буџетот. А руралните, бидејки имаат помалку средства, нема да можат да издвојат свое кофинансирање во реализација на проектот. Затоа за нив не е предвидено да учествуваат во финансирањето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Слободан Најдовски, реплика, повелете вашите три минути.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине министре, јас го прифаќам вашето објаснување и мило ми е што можеме со аргументи да разговараме, фактички суштински разговараме за проблемот.

Со вас, во потполност се согласувам со делот, освен оној дел што, верувајте ми и вие тоа добро го знаете, немаат моќ општините, финансиска моќ, реална, да учествуваат во кофинансирање на проекти.

Спомнавте канализација. И вам и мене добро ни е познат пробелмот со канализацијата во село Долно Оризари, ако го земеме како пример Битола. Веќе 10 години се гради. 200 илјади евра до сега се обезбедени од државата. Јас, тоа го знам, бидејки лично сум се ангажирал.

Општина Битола, не од што не сака, туку нема моќ, нема финансиска моќ да учествува во изградбата. Еве, кажете дали можеме како општина да си дозволиме изворите на приходите се тие, не можеме да си дозволиме ако проектот чини, да речеме милион евра, дека општината може да кофинансира 500 илјади евра.

Од тие причини сметам дека ваков каков што е даден членот не може да е остварлив. Или, било кое село. Еве имам некои пресметки, околу 3 милиони денари чини асфалтирање на еден обичен пат од 2-2,5 метри широчина, 1 километар. Која е таа општина во Република Македонија кој е тој град кој ќе може 50% да кофинансира? Нема таква општина, верувајте ми, со моменталниве приходи што се.

Се согласувам со вас дека значи зголемување на дел од средствата односно кои ќе можат да конкурираат за тие проблеми. Но, реално, неостварливо е да го имаме тоа после во практиката.

Законско решение што во практика нема да се реализира, мислам дека не е потребно. Ги прифаќам вашите добри намерни, но реално да ја согледаме состојбата. Постојните извори на приходи на општините не овозможуваат реализација на овој член.

Од тие причини, за да не ставаме бариера да не можат општините, ако седиштето е во град, да конкурираат со проекти за одредени села што гравитираат околу градовите, да овој член го нема. Затоа ова решение што е дадено во овој став, да им овозможиме да конкурираат. Или да е симболично 5%. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурална интервенција побара господин Никола Поповски, повелете, вашите три минути.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Врз основа на Деловникот каде што пратеникот има право да бара појаснување за нејасни одредби за натамошнио ттек на расправата, би сакал да го замолам министерот, барем за мене да е јасно за што разговараме, да даде децидно образложение на Парламентот дали амандманот што сега го гледаме, на ставот 4, господине Коњановски се однесува само на 10% средства за развој на селата што се во член 29 или се однесува и на 70% за сите плански региони? Ако ми е јасно прашањето што го псотавувам.

Значи, дали оваа одредба што Најдовски бара да се брише е за 10% или се однесува и за 70%? Затоа што дебатата е многу различна ако е само за 10% или е и за 70% од членот 29.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот министер, повелете.

**Зоран Коњановски:** Ова се однесува само за 10% за кофинансирање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван минситре,

Веќе шести ден расправаме за законот за рамномерен регионален развој. Можеби расправата и немаше да трае толку долго до колку мнозинството успеваше во попладневните часови да обезбеди кворум. Но, што е тука е.

Сепак, се работи за системски закон и за истиот треба да се дебатира. Конкретно околу амандманот, во членот 36 што се однесува на распределбата на средствата наменети за финансирање на проекти за развој на селата е предвидено дека единиците на локалната самоуправа со седиште во град, што пријавуваат проекти за развој на селата во нивен состав, должни се да обезбедат кофинансирање на проектот од износ од 50% од вредноста на проектот.

Прво, мислам дека службите во Министерството толку несреќно го формулирале овој член или овој став, што буквално човек да се размисли или да го протолкува. Јас не знам дали постои единица на локална самоуправа каде што нема седиште во град. Тие се многу ретки и сега ќе треба единиците на локалната самоуправа кои имаат седиште во град да се преселат во села. Мислам дека по овој основ многу малку општини ќе имаат можност да ги користат бенефициите што Министерството ги предвидело, до колку седиштето на некоја единиците на локалната самоуправа се наоѓа во село.

Кога би размислиле што би значела примената на овој член, во тој случај треба да ги имаме предвид сите општини во Република Македонија, посебно помалите единиците на локалната самоуправа. Имаме општини што сега не само што не можат да обезбедат средства за финансирање на тековното работење на општината, значи да обезбедат доволно средства за плати, придонеси, за работа на општината, за хартија, едноставно тековни потреби, а не да обезбедат средства за остварување на некои проекти. Мислам дека ваквата одредба, посебно во делот што се однесува на финансирањето на проектите за развој на селата ги става во многу нерамноправна положба помалите општини, без разлика на тоа што министерот употреби како аргументација дека не е тоа така.

Една мала општина, и покрај тоа што нема ограничување на Буџетот, не може да си дозволи некој покрупен проект за да може да учествува во овој дел, да обезбеди средства, треба да обезбеди 50%. Ги ставаме во многу нерамноправна положба сите овие помали општини.

Прашње е, како што се зборуваше, во поголемите општини ќе има проблем за некој проект да обезбедат 50% да можат да конкурираат. А, ако сакаме конкретно да работиме за развој на селата преку овој закон, во тој случај треба да воведеме други критериуми. Да воведеме развиенсот, приоритет на развојот во некои села, важно е и кој проект, а не да правиме селектирање на проектите, со тоа што ќе им оневозможиме на општините да учествуваат, да конкурираат со средства иако имаат добар проект, да не можат да го добијат, затоа што не можат да обезбедат 50% од средствата.

Затоа мислам дека ова решение е многу нереално и ќе се одрази на оние помали општини кои имаат многу ограничени буџети и немаат од каде да обезбедат средства. Ќе се одрази и на поголемите, но верувајте за помалите,никогаш ќе не можат да си дозволат, освен за некои мали проекти од 5-10 илјади евра да конкурираат за проекти за развој на селата. А, зборувавме да направите еден километар пат се потребни многу пари. Да не зборуваме за водовод, за канализација или некои други инфраструктурни објекти.

Господине минситре треба сериозно да размислите за овој член и едноставно да најдете друго решение. Ценете ги проектите за развој на селата и распределувајте ги средствата според други критериуми. Издржаност на проектот, важноста за селото, важноста на проектот, во која општина е. Дајте им шанса на селата да се развијат, да не ни се случуваат миграции село-град. Да создадеме услови за оние села кои навистина имаат иднина и кои можат жителите да ги задржат таму, да им доделиме проекти во таа насока. Вака, вие ги ограничувате општините што ќе можат со проекти да конкурираат да добијат од овие средства.

Навистина не го разбирам решението. Најдобро е да се седне, да се размисли, да се побара пауза да се најде поинакво решение. Во оваа ситуација,

овие проекти ќе бидат наменети за побогати општини кои можат да дадат учество за овие 50%. Додека помалите, руралните, ќе немаат шанси. Мислам дека во тој дел овој закон ќе создаде не рамномерен, туку нерамномерен развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Само да го потсетам пратеникот дека 41 општина имаат седиште во селото. Тоа значи 50% од општините имаат седиште во село и не е вистина дека само неколку општини имаат седиште надвор од градот и тие општини ќе можат да додат до тие средства, без кофинансирање.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика, претпоставувам господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Господине министре вие одговарате само таму каде што ви одговара, а не одговарате на оние суштински забелешки.

Дали овој член ги става во нерамноправна положба општините? Дали сите општини можат рамноправно да конкурираат со тие 10% за развој на селата? Не можат. Што ако имаат добри проекти, а не можат да обезбедат 50%. А се битни проекти. Во тој случај вие немате аргиуметн за тоа. Затоа треба да размислите, да најдете друго решение во законот. Да не создаваме од Закон за рамномерен регионален развој да создаваме закон за нерамномерен или некој друг да ги користи приоритетите од законот. Да бидеме реални.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот Коњановски, министер за локална самоуправа.

**Зоран Коњановски:** Уште еднаш би сакал да објаснам и да напомнам дека секоја општина си го планира Буџетот и притоа оделува дел од средствата за развој на инфраструктура на селските средини на другите населени места. Ова се дополнителни, плус средства што ќе можат да ги користат општините. Значи, никој не им ги ускратува ниту правата, ниту средствата, туку напротив се дополнителни средства до кои ќе можат да дојдат општините и урбаните и руралните подеднакво, под оние услови што ги пропишува законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега, збор има господинот Никола Поповски, имате 15 минути до паузата за ручек ќе се сообразите, нели.

**Никола Поповски:** Јас би сакал една друга дилема да поставам во врска со овој амандман на господинот Најдовски во врска со прифатливоста, што не беше спомнато или барем јас не слушнав.

Инаку, во врска со дилемата за општините, тоа е точно, сегашните општини се 50:50 според бројот на седиштата, зборувано во проценти. Меѓутоа, господине министер, се сомневам дека критериумит "седиште" е битен од аспект на населението. Јас би зел друг критериум, а тоа е колкав број на население живее во општините под удар на овој член? Мислам дека тука бројките би биле 80% под удар на овој член. Дека само 20% од населението живеат воопштини кои имаат седиште во село. А, дека 80% живеат, може и 75%, меѓутоа не верувам дека ситуацијата е драматично различна. Само Скопје е 25%, веднаш исклучени. Ако ги ставиме ид ругите големи градови и сите градови, значи господинот Николов е во право. Во право е затоа што најголемиот број од анселението ќе биде исклучен, не според бројот на општини со седиште, туку според бројот на население. Оние со седиште во град се 80% од населението и тие ќе немаат рамноправен пристап доовој 0,1% од БДП. 10% од 1% е 0,1% од БДП, колку за разбирање само, да соопштиме дека тоа изнесува некаде околу 350 милиони денари, во овој момент.

Значи 80-75% од населението нема да има пристап до овие пари под рамноправни услови со другите. Од тој агол мислам дека не е фер. А, не е фер затоа што едно село, без разлика каде се наоѓа, во која општина, кај нас, степенот на развојот на општините и населените места во општините не е критериум за територијалната поделба. Тоа во законот не го пишува. Можеме да наведеме неколку примери. На пример границата помеѓу општина Штип и општина Карбинци, две села што се наоѓаат на двете страни од границата, едните ќе имаат право на 100% пристап до државни ресурси, другите ќе имаат 50% или помалку пристап до државните ресурси. А, таа линија таму не е повлечена во однос на степенот на развиноста, туку е повлечена по однос на региони.

Можам да дадам и друг, подрастичен пример. Да речеме Крушево и Кривогаштани. Рамничавско село со седиште во Крушево, нема право, а ги знаеме кои се тие Албинци и како се викаат селата таму, нема право на тие средства, а другото село, соседно, во општина Кривогаштани, што е до Албинци, исто е се со нив, само затоа што седиштето на општината е во Кривогаштани, ќе има право на 100%. Овие села, врз основа на не фер законско решение ќе имаат поголем пристап во развојот со средства од државата наспроти другите, кои само заради тоа што општината им е во град, се казнети. Со таа логика не се согласувам и мислам дека за неразвиените, без разлика далис е наоѓаат во состав на Скопје, Битола или Кривогаштани треба да имаат еднаков пристап. Инаку, ќе форсираме градски и селски општини, урбани и рурални, а не развиени и неразвиени, иако се работи за само 0,1% од БДП.

Меѓутоа, она што јас најмногу мислам дека смета на член 36 став 4, ќе го прочитам уште еднаш, "единиците на локална самоуправа со седиште во град, кои пријавуваат проекти за развој на села во нивен состав, должни се да обезбедат"

или ако го читаме законот поинаку, наместо "должни се да обезбедат" можеме да го прочитаме и следново дека "општините со седиште во град не можат да конкурираат за проекти, ако не обезбедат 50% од својот буџет". Тоа е истата формулација на различен начин.

Сега, господини министер, јас ќе ви го прочитам тоа што неколку пати се повикувавме од Уставот. Член 57 вели: "Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за рамномерен, просторен и регионален развој, како и за обрз развој на стопански недоволно развиените подрачја во Република Македонија". Со оглед на тоа дека овој член на законот има рестриктивна форма во однос на Уставот, тука вели во Уставот "Републиката се грижи", а вие со закон пропишувате дека "покрај Републиката, има услов и единицата на локалната самоуправа и да се нема рамноправен пристап до средствата која ги обезбедува Републиката", а ЛС не се Републиката согласно Уставот, тоа е јасно, тие се локална, не се централна власт, не се Република, не ја претставуваат Републиката за разлика од Собранието и Владата, па сметам дека има проблеми со Уставот овој став 4. Јас претпоставувам дека ако се покрене од некоја ЛС или некој друг со седиште во град, дека Уставниот суд ќе го собори ова решение, зашто отстапува од уставното решение дека Републиката се грижи рамноправно за сите, а не како што е овде дека општината мора да се грижи како услов за Републиката да се грижи. Тука не пишува така. И затоа сметам дека, сепак, да го прифатите амандманот и тоа не е голем проблем, мислам ни за парите, ни за ништо, повторно инструментите се во ваши раце. Тука пишува планските региони и Советот односно Владата. Вие ако сакате, условно кажано, да ги отстраните, да ги откачите општините од тие средства, вие сте член на Советот, не ја давајте согласноста за тие проекти, пак го имате инструментот во рака. Меѓутоа, со закон мислам дека не е возможно да се анулира уставно решение дека ние сме надлежни, а не општините за регионалниот рамномерен развој. Дури би сакал и коментар, ако сакате да кажете на кое уставно решение се повикувате дека Републиката е врзана со општината, за да се грижи за рамномерен развој. Во Уставот не пишува така.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, пратеници, почитуван министре,

Се јавувам за да дадам поддршка на овој амандман на колегата Најдовски. Иако, доаѓам од мала општина односно општина во која што седиштето е во село, општина Босилово, сепак, би дал поддршка на овој амандман од причина што и самиот живеам на село и знам дека овие населени места односно села кои гравитираат или се под ингеренции на град Струмица, Гевгелија, Битола и тн., многу тешко ќе дојдат или ќе добијат некои инвестиции, кои ќе бидат вложени во самото населено место односно село. Тоа тешко ќе оди, од причини што ги објасни пратеникот колегата Слободан Најдовски, бидејќи општините располагаат со таков буџет, кои што не ќе можат да финансираат во овие села. Еве, само за една односно едно ваше сознание ќе кажам, на пример, една канализација, одводна канализација во едно село, од прилика некаде со околу од 100 до 120 ха површина или некаде со 300 домаќинства, колку што имам сознанија проектите изнесуваат односно еден проект тоа кошта два милиони евра.

Сега, се прашувам која општина, па и Битола како голема општина и Велес и тн., ќе си дозволи два милиони евра за едно село кое гравитира кон градот, да вложи односно според овој Предлог-закон ќе треба некаде околу милион, ќе си дозволи да инвестира во ова село. Мислам дека доста богатите и општините кои располагаат со најголеми буџети, многу малку ќе бидат заинтересирани да вложуваат во селата. Тоа е така, затоа што тие проекти, тие инвестиции, особено околу водоводот, околу одводната канализација, околу асвалтирање на улици, се многу скапи инвестиции и мислам дека нема да си дозволат да вложуваат толку во селата, бидејќи еве само за пример, јас доаѓам од бившиот струмички регион или од општина Босилово, на пример, Струмица во цел струмички регион со некаде 72 села или со некаде околу 45 до 50 села кои се доста развиени села со по 300 до 400 домаќинства, само едно село има одводна канализација. Другите села, да кажам 50 развиени, овие села кои што не се развиени и кои што се во планината или кои што се под ридско планински села спаѓаат во оваа категорија, секако немаат услови. Но, овие 40 села во струмичкиот регион, само едно населено место има канализација. И, многу е тешко, па и самите општини кои што имаат седиште во село, ќе одвојат средства, иако не се обврзани со овој закон, за да се зафатат со такви големи проекти околу водовод и околу канализација. А, верувам дека и град Струмица, иако Струмица е една од поразвиените општини, тешко ќе се одлучи за да инвестира во околните села или селата кои што и припаѓаат за еден таков проект од два милиони евра и тн.

Го поддржувам амандманот на господинот Слободан Најдовски и се надевам дека еден дел од пратениците и од парламентарното мнозинство, особено оние кои доаѓаат од село, да го поддржат овој амандман, затоа што е добар за селските населби. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Зоран Витанов.

Повелете, вашите три минути.

**Зоран Витанов:** Мене ме радува што претставник од СДСМ од струмичкиот крај конечно му текна да зборува за тој проблем што

сега овде се истакнува, меѓутоа сакам да го прашам. Иако, господинот Ацо Киров не е релевантен претставник на СДСМ од тој крај, бидејќи во периодот кога беа на власт, а сеуште на локално ниво се на власт, зошто чека и зошто не ја решија таа ситуација кога имаа за тоа комплетни шест години, што значи четири години нето власт на држава, па еве и две години апсолутна власт во сите струмички општини на локално ниво сега. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Јас ќе бидам многу краток и ќе го искористам времето до паузата, а имам само едно кратко прашање.

Во членот 36 став 4 стои дека "единиците на локална самоуправа со седиште во град, кои пријавуваат проекти за развој на селата во нивни состав, должни се да обезбедат кофинансирање на проектот во износ од 50% од вредноста на проектот".

Почитуван господине министер, еве еден конкретен пример. Ако се донесе одлука дека седиштето на општина Кочани ќе биде во село, дали е потребно да се издвојуваат 50% од вредноста на проектот за финансирање во село. Дали има смисла и можности сето тоа да се менува во зависност дали ќе финансираат во село, бидејќи Кочани е споено со една поранешна населба Оризари и сега може да донесат одлука седиштето да биде во населба Оризари и финансирањето на еден проект ќе биде дали треба да издвојуваат 50% за финансирање на тој проект или не. Тоа ми е конкретното прашање и мислам дека ќе добијам соодветен одговор дали сега или после паузата, тоа е одлука на вас, почитуван господин претседател.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот министер Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

На толку директно и конкретно прашање, ќе се обидам и јас да бидам конкретен. Почитуван пратеник, дајте вие предлог во општина Кочани седиштето да биде во село, па ако се усвои тој предлог на совет, прецизно е во законот, како што пишува, така ќе биде понатаму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлагам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,06 часот)

Со седницата продолжи да раководи Бесим Догани потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот господинот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседател, почитуван господине министер,

На моето кратко прашање кое беше поставено од моја страна вие кратко ми одговоривте, меѓутоа, почитуван господин министер јас, за жал, сум изненаден од вашиот одговор и од вашето незнаење.

Сега ми е јасно зошто ниту еден од амандманите поднесени од опозицијата не ги прифаќате, бидејќи се сомневам и во тоа дали ја знаете суштината на овој закон, а најмногу сум изненаден од тоа што водите ресор во кој не знам дали ја знаете суштината кој ресор го водите.

На моето прашање кое беше поставено провокативно дека ако може да донесе одлука општината да се пресели во друго место, вие ми одговоривте нека донесат одлука Советот на општина Кочани.

Па, почитуван господине министер, седиштето на општините е со закон загарантирана. Се определува со закон. Вие тоа не го кажавте. Сакаме тука да расправаме зошто амандманите не ни се прифатени и како ќе опстојат селските рурални средини во Република Македонија, кој ќе ги кофинансира? Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Има контра реплика на вашата реплика министерот за локална самоуправа, повелете,

**Зоран Коњановски:** Жалам што не ќе можам да ви помогнам, затоа што од вашиот одговор заклучив дека цело време сте изненаден. Говорите дека јас како министер не сум подготвен за дебата, дека ви немам прифатено ни еден амандман до сега, затоа кажавте дека сте изненаден, меѓутоа, мислам дека околу шест амандмани до сега ви се прифатени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер,

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе,

Бидејќи околу овој амандман зборував пред малку, министерот ме сослуша, сега сакав да зборувам за нешто друго и сакав да ме слуша господинот Зоран Витанов, но бидејќи тој моментално не е овде, јас не би кажал ништо повеќе, во некоја друга прилика кога ќе биде овде. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои не се присутни во салата да влезат во салата за да можеме да создадеме услови за гласање.

Би ги замолил пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Објавувам пауза од десет минути за да се соберат пратениците).

(Пауза од 15,14 до 15,26 часот)

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Исто така би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Минуваат минути на чекање)

Бидејќи во салата има доволен број на присутни пратеници, амандманот го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник за амандманот гласаа 59, за гласаа 7, воздржано гласаше 1 пратеник, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 4, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Весна Бендевска, Цветанка Иванова, Ацо Киров, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе,

Владата не го прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор е пријавен пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, министре,

Овој амандман е сличен со претходниот со тоа што процентот се предлага да се намали од 50 на 25% се со цел да се овозможи што поголем број на општини да можат да конкурираат со свои проекти, кои се наменети за развој на селата.

Претходниот амандман со кој се предлагаше бришење на овој став се потроши многу време, ценевме дека со таквото решение всушност се предлага една нерамноправна положба на општините, посебно на оние општини чие седиште се наоѓа во градот и кои се условуваат за одредени проекти за да можат да конкурираат за развој на селата кои спаѓаат во таа општина да имаат обезбедено најмалку 50% од потребните средства за тој проект.

Мислам дека е многу погрешно одбран овој критериум за да се изврши селекција на општините, многу поголем акцент треба да се даде на тоа кој какви проекти поднесува од аспект на нивниот квалитет и значење за таа општина, а не вака да се ставаат ограничувања во смисла на тоа некоја општина да може или не може да конкурира само затоа што во Буџетот нема можност да обезбеди доволен број на средства за да може проектот да стане релевантен во таа конкуренција.

Цениме дека ова всушност води кон делба и кон селектирање на општините и мислиме дека е погрешно решението, но очигледно дека Владата наумила нешто да спроведе, па го ставила под закрилата за рамномерен регионален развој. Ценам дека со ова се прави не рамномерен, туку нерамномерен регионален развој и всушност се врши поделба на општините во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 63 пратеника, за гласаа 10, воздржани нема, против гласаа 53 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 4, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Овој амандман е скоро ист, да не речам идентичен со амандманот кој претходно го имав поднесено и кој се однесува на учеството на општините при проекти кои се поднесени за развој на селата во состав на општините чие седиште е во град.

Очигледно е дека кај Владата нема разбирање за овој амандман, очигледно е дека носиме одредба во законот која во пракса, камо да се лажам, но 99% сум убеден дека е неспроведлива и не гледам потреба повеќе да се убедуваме, бидејќи такви аргументи да изнесувам, аргументите се неприфатливи за мнозинството, аргументите се неприфатливи за Владата иако нема контра аргументи.

Јас секогаш сум за расправа во која ќе ги соочиме нашите аргументи по одредена проблематика, но очигледно е дека и за ваков закон се сака само да си има бројка дека законот е донесен, без разлика на квалитетот на законот, што сметам дека не е добро.

Јас гледам дека навистина се мачиме да го донесеме овој закон. Нека ми извинат колегите пратеници од парламентарното мнозинство кои се овде и каде постојано се присутни едни исти

луѓе, а едни исти 12 до 20 луѓе од парламентарното мнозинство постојано не се тука и заради нив не можеме да ја забрзаме постапката за носење на законите.

Јас во интерес на времето ќе го повлечам овој амандман, но би ве замолил господине потпретседателе, заради коректност кон оние пратеници кои постојано се во салата, тие други 15 - 20 пратеници од парламентарното мнозинство кои постојано се отсутни од нашите седници, а кои си бркаат бизниси и се интересираат само кога ќе се поставува министер да имаат влијание, кога ќе се поставува директор да имаат влијание, кога ќе се делат тендери да имаат влијание, а овде едни исти да ги гласаат законите и да прават кворум на седниците, е крајно неколегијално за сите ние кои овде седиме, посебно за колегите од парламентарното мнозинство.

Во интерес на времето ќе го повлечам овој амандман, но ви кажувам дека законот, така како што е предложен со ова решение, нема да даде резултат.

Амандманот го повлекувам.

**Бесим Догани:** Господинот Слободан Најдовски го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 1, за бришење на алинеја 2 и за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Трајко Вељаноски, Силвана Бонева, Оливер Деркоски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Коњановски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 за менување на став 2, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Борис Кондарко, Никола Ќуркчиев, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски, Цветанка Иванова, Верица Филипова, Весна Бендевска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Овој член од законот се однесува на Комисијата која ќе врши оценка на поднесените предлог проекти од страна на планските региони, на подрачјата со специфични развојни потреби и на селата. Така како што е конципирана Комисијата, како што е дадено во Предлогот од страна на Владата, предвидено е таа да брои 7 члена, претседател и 6 членови и сите предложени членови на Комисијата се од делот на владините институции. Нема претставници од планските региони и од оние региони кои ги поднесуваат проектите и чии проекти ќе се оценуваат во оваа Комисија, а законот е токму за рамномерен регионален развој и за овие плански региони. Клучната битка околу доделувањето на средствата за рамномерен регионален развој ќе се води токму во оваа Комисија. Понатаму ќе следат други фази околу проектот, но тука ќе се врши селекција на сите проекти. Сега чудно е малку што Владата не предвидела да има претставници од планските региони за кои се однесува овој закон и ќе испадне дека тој што треба да ги даде парите, тој ќе си ги цени проектите, вие само подгответе ги, а потоа кој ќе ги брани тие проекти и зошто нема да бидат прифатени, никој нема да даде образложение. На некој начин, ако овој закон имаше смисла или идеја од страна на Владата, да предложи концепт за регионален развој, значи да се изедначат нерамномерностите во развојот на одредени региони во Република Македонија, мора да има претставници во Комисијата, од овие региони. Инаку нема смисла целиот закон. Цела надлежност е во Владата, сите ингеренции се во Владата. Значи само планските региони ќе доставуваат проекти, а Владата по своја проценка, ќе зборувам после кога ќе дојде ред во вториот дел, ќе цени кои проекти ќе ги прифати, а кои не, а нема никакви критериуми. Повторно одиме во сферата, како што зборувавме претходно, средствата да се доделуваат на партиски проекти. Затоа мислам дека министерот, за жал, не покажа волја да прифати наши аргументи дека овој закон се прави за сите региони во Република Македонија и се бара соодветно учество на претставници од тие региони. Смислата на законот не е само Владата да има можност да дели средства по сопствено убедување без никакви критериуми. Затоа апелирам до колегите да гласаат за овој амандман, ако сакаме нешто да направиме со овој закон.

**Бесим Догани:** Благодарам господини Николов.

Има збор пратеникот Ацо Киров:

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Како што знаеме, овие пратеници кои се во салата, претходните 5-6 дена кога расправаме за рамномерен регионален развој, може да се забележи дека повеќето од амандманите што ги поднесуваме се за зголемување на надлежностите на локалната самоуправа, или ЗЕЛС, а намалување на ингеренциите на Владата на Република Македонија или пак на поодделни министри.

И овој амандман што го поднесовме се однесува за зголемување на бројот на членовите, која Комисија ја формира министерот за локална самоуправа и е составен од претседател и 6 членови. Значи со амандманот се предлага Комисијата пак да ја формира Владата и да е составена од претседател и 14 членови, значи плус по еден член од секој регион. Со тоа ќе се

зајакне учеството, сугестиите во остварувањето на одредени проекти и планови од страна на планските региони. Значи со овој амандман се предлага зголемување на членовите од 6 на 14 и плус претседател. Мислам дека амандманот не е лош бидејќи треба да се зголеми учеството на планските региони во оваа Комисија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Благодарам.

Јас како еден од предлагачите на овој амандман сакам да укажам на некои работи кои и претходно беа спомнати, меѓутоа во ред е да ги кажеме.

Целта на поднесувањето на овој амандман беше да се даде акцент на осумте региони кои ќе бидат формирани од страна на Владата на Република Македонија. Оваа Комисија која се предлага да се формира од министерот за локална самоуправа, немаме ништо против и да е составена од претседател и 6 членови. Меѓутоа имаме против зошто да не бидат вклучени плус тие 8 региони, носителите на рамномерен регионален развој. Само во таков случај ќе имаме и рамномерен регионален развој и ќе имаме луѓе кои ќе бидат запознаени од самата заедница односно од самиот регион. Вака ќе се доведеме во ситуација, Комисијата составена од Владата на Република Македонија да одлучува за развојните проекти за еден одреден регион. Мислам дека нема никаков проблем да влезат и осумте региони во оваа Комисија, зошто да не влезат. Мислам дека е апсурд Комисијата да биде составена само од луѓе од претседател и 6 члена, од страна на Владата на Република Македонија, без да има учество од носителите на овие региони. Значи уште еднаш сакам да потенцирам дека ние се враќаме чекор назад од децентрализацијата, фактички повторно се централизираме. Затоа е поднесен и овој амандман, да имаме барем еден баланс меѓу Владата на Република Македонија и носителите на осумте региони.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Серафимов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници во салата гласале 56, за гласале 8 воздржан 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 за бришење на став 4 и за менување на став 6, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Коњановски:** И во овој амандман како и во претходните амандмани се бара друг состав на комисијата која ќе ги оценува проектите. Генерално за сите тие амандмани потребно е да се каже дека не може тој што аплицира едноставно да биде и претставник во Комисијата за оценување. Во Комисијата има стручни лица кои на некој начин ќе оценат и ќе кажат кои проекти се издржани а кои не.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Јас би имал само реплика на министерот и тоа нека се сфати како дискусија. Образложението што го даде министерот е тоа дека не може оние што аплицираат да учествуваат во Комисијата во која што се ценат нивните проекти. Да се разбереме, да не ја доведуваме јавноста до погрешни заклучоци. Зборуваме за 8 плански региони во рамките на кои плански региони има 84 општини и плус има подрачја со специфични развојни потреби. Проектите за сите општини ќе се утврдуваат на ниво на совет, ќе се обраќаат до Комисијата која ќе ги оценува. Претставникот на планскиот регион не може само да го брани проектот од таа општина од каде што е, туку ќе ги брани проектите на целиот плански регион. Тука не може сега министерот да ни објаснува дека тие немаат право да учествуваат во Комисијата во која што само владини претставници ќе ги оценуваат проектите.

Целиот процес на подготовка на проекти, на нивното ставување до Комисијата ги опфаќа и другите тела што се задолжени за рамномерен регионален развој и тие треба да учествуваат во Комисијата, без разлика на тоа што вие министре образложувате дека не може. Тие ќе ги бранат на планскиот регион, а во планскиот регион има многу општини, каде што општините ќе аплицираат со свои проекти. Мислам дека вашето образложение не држи и дека на ваков начин, всушност, она што цело време го зборуваме е класична централизација и концентрација на целата моќ околу рамномерниот регионален развој во владини раце. А, тоа не е добра пракса.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници во салата, за амандманот гласаа 58 пратеници, за гласаа 10, воздржано гласаше 1 пратеник, против гласаа 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 за додавање нов став 7 по ставот 6, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Борис Кондарко, Благородна Цветковска, Есад Рахиќ, Весна Бендевска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа од Владата.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Од оваа група на амандмани кои се однесуваат на истата проблематика на Комисијата која што ќе врши оценка на проектите за рамномерен регионален развој, целта беше да се вклучат и претставниците на планските региони при евалуацијата или од проценката на тоа кои проекти ќе конкурираат за да добијат средства за рамномерен регионален развој. Се предлага 8 члена, по еден претставник од секој регион да учествува во оваа Комисија и ако добро се размисли како тоа би функционирало, 7 претставници имаме од Владата, 8 претставници од планскиот регион, кои во Комисијата ќе можат сите проекти од секој плански регион добро да се оценат. Тука, не ќе може, како што вели и министерот, ако некој аплицира да не може да го брани проектот. Сите проекти ќе се стават на едно место и секој ќе може да ги брани проектите од својот плански регион, а исто така да процени кои се проектите од другите плански региони и дали тие треба да добијат средства, евентуално ако не добијат да се подобрат наредниот пат кога ќе аплицираат. Значи, ќе се отвори една широка расправа, една квалитетна расправа во Комисијата зошто некој проект добил средства, а зошто некој можеби е одбиен и поради кои причини, така што ќе биде транспарентно и јасно ќе се знае, посебно од страна на оние кои што ги поднеле проектите, а тоа се планските региони. Во спротивно, вака како што е оставено ќе остане целата надлежност во рацете на Владата, а знаеме веќе зборувавме за тоа во Парламентот дека Владата досега средствата ги делеше често по партиски клуч.

Така беше со распределбата на средствата од водовод и канализација. Овде е Службениот весник во кои што се распределени и во кои што најголем дел 80% добиваат градоначалниците кои што припаѓаат на владеачкото мнозинство. Јас ја сфаќам потребата на Владата да ги прави успешни своите градоначалници, бидејќи кога беа локалните избори, нивното мото беше: “Резултати сега”. Од тие резултати сега, излезе резултати никогаш. Жал ми е што сега има потреба со владина интервенција и со проекти, поготово што се однесуваат на градоначалниците од Скопје да им го подобруваат рејтингот на сметка на некои други општини, кои што за жал, или за несреќа на тие градоначалници, припаѓале на опозицијата. Така не се води рамномерен регионален развој и така не се прави развој во државата. Тоа што некои колеги овде објаснуваа дека нашите градоначалници не покажале резултати, дајте еднаш да ја отвориме дебатата и да видиме кои градоначалници како си ја сработиле работата. Вака, со владини пари, со пари и на тие граѓани што не добиле средства да се фаворизираат одредени градоначалници без никакви критериуми, без никакво објаснување, само затоа што припаѓаат на владеачкото мнозинство да им се даваат проекти, мислам дека граѓаните ќе знаат тоа да го ценат и ќе размилат за наредниот пат за кого и зошто и како треба да гласаат. Во овој амандман се елиминира еден од можните начини за таква распределба на средствата и се предлага оние што треба да добијат средства да учествуват во проценка на проектот. Нема ништо страшно во тоа. Конечната одлука ја носи Владата и таа одлука на Владата ќе биде транспарентна и сите оние кои што поднеле поекти ќе немаат утре можност да речат поради овие или други причини нивните проекти се одбиени, а другите се прифатени. Но за жал, се уште не му одговора некому да има транспарентност во распределба на овие середства. Сепак, ќе апелирам уште еднаш до пратениците од владеачкото мнозинство да го подржат амандманот. Многу се придонесува во транспарентната распределба на средствата и проектите, а не се губи ништо во делот на надлежностите на Владата. Но, ќе кажам, во мементот изгледа уште не му одговара на некого. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Реплика има министерот за локалната самоуправа.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе.

Јас искрено на оваа серија на амандмани очекував друга заблешка да има од страна на пратениците на опозицијата дека е премногу комплексно и се појавува еден проект да биде оценуван и од Комисијата, па потоа да биде утврдуван од Советот за рамномерен регионален развој и од таму да биде предложен до Владата. Мислев дека ќе се каже дека е премногу обемна таа постапка, меѓутоа, во друга насока се одвиваше самата насока.

Значи, работата на Комисијата е исклучиво по одредена методологија да оцени дали проектите кои ќе бидат препратени до Советот за рамномерен регионален развој се во согласност со програмата за развој на планскиот регион и ништо друго. Сите тие проекти понатаму ќе бидат пропратени до Советот за рамномерен регионален развој каде што ќе се утврдат и ќе се

дадат како предлог до Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодрам.

Контра реплика од една минута има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи, господине министре, многу едноставно е решението што се предлага, а тоа е во стартот, во самата база да се реши кои проекти ќе одата пред Советот, а од пред Советот пред Владата. Со тоа што сега и оние кои конкурирале за проектите ќе имаат можност да ги судрат аргументите зошто еден проект треба да се прифати од некој регион, зошто друг можеби не треба да се прифати. Многу се зголемува транспарентноста вака и методологијата на која вие се повикувате ја пропишува министерот и оценкарта на проектите ја врши владина институција и доделувањето на средствата го врши Владата. Значи, класична централизација по сите основи. Не ми е јасно зошто имате проблеми на најниското ниво да ги вклучите и планските региони да може, транспарентно да се определи кои од проектите се издржани, кои можеби во моментот не можат да добијат средства. Навистина, не ми е јасно.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван господин министер,

Не ме изненадува тоа што не се прифаќа амандманот, тоа е тоа, и претходниот амандман беше исто така издржан се со цел да земат учество и советите на планските региони, меѓутоа, гледам дека интерес е само на Владата на Република Македонија да ги распределува и проектите и средствата само онака како што сака, без да се има влијание или удел на советите на планските региони.

Замислите, ако во еден плански регион има два проекта, кој е побитен за тој плански регион. Кој ќе одлучи? Ќе одлучи Владата, ќе одлучи Советот, пари ќе добие Владата, како и одговара така ќе даде пари, тоа е тоа. Не е така господине министре. Не е така. Можеби сумата на средствата е иста за два проекта и на крајот, има еден битен, еден небитен. Кој ќе одлучи за тоа кој е побитен? Ќе одлучи Владата. Тука се разликуваме. За тоа сакаме овој закон да биде донесен по транспарентно. Сакаме овој закон да биде издржан и да имаат удел сите плански региони. Не е битно дали ќе биде од една политичка опција, или од друга политичка опција. Овој закон треба да опстои и во наредниот период. Можеби на власт нема да бидете вие. Можеби ќе дојдат некои други на власт. Можеби и ние нема да бидеме. Меѓутоа, разликата е што законот што ќе биде донесен треба да остави трага. А трагата ќе остане и ќе биде на тој начин што ќе биде транспарентно и делењето на средства и делењето на проектите. А гледам дека вие немате ниту намера, ниту сакате да отстапите, туку работите по еден терк кој што ви е даден од седнца на Влада и тој терк ние сакале или не, мораме да го прифатиме. Ние нема да го прифатиме, за тоа ќе гласаме по наше сопствено убедување, меѓутоа, ги жалам пратениците од владеачката партија од ВМРО-ДПМНЕ, кои што мораат да гласаат по налог на нивниот шеф. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, гласаа 58, за амандманот гласаа 10, воздржан 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локалната самоуправа.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Повелете господине Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Ќе бидам краток, бидејќи сум еден од предлагачите на овој амандман. Во мојата претходна дискусија на еден претходен амандман реков дека нашите амандмани што ги имаме поднесено од пратеничката група на СДСМ се повеќе, или над половина амандмани со кои треба да се овозможи намалување на ингеренциите, или надлежностите на Владата на Република Македонија или на одредени министерства. И овој амандман кој го имаме поднесено се однесува на член 39 став 3, кој вели дека постапката и методологијата за оценување на предлог проектите се утврдуваат со правилник што ги донесува министерот за локалната самоуправа. Во претходните пет-шест дена дискутиравме многу околу тоа колку надлежности, значи што треба да биде под надлежност на министерствата, еве и овој амандман се однесува токму на тоа да и ЗЕЛС зеде учество односно има свој удел во донесување на одредени оценки, односно овде се работи за оценување на предлог проектите од страна на министерот за локалната самоуправа и

овој амандман е  во продолжение на член 3 да биде во согласност со Заедницата на единиците на локалната самоуправа. Значи ништо нема лошо овде, овој амандман пак го поднесуваме да добијат ингеренции општините,  општините да бидат учесници во постапката за оценување на предлог проектите и мислам дека тоа е добро за сите општини, тоа е добро за сите нас пратениците кои што доаѓаме од разни општини од цела Македонија или доаѓаме од регионите односно еден од осумте плански региони кои што и припаѓаат на Македонија. Затоа се надевам дека,  мислам не сум изненаден дека, веќе тоа не би го рекол, или да побарам подршка од парламентарното мнозинство бидејќи се виде дека после пет-шест дена како што рече министерот некаде пет-шест амандмани, само колку што имам сознание и колку што пратев овде во овие пет-шест дена имаме два клучни прифатени, а амандманите не знам дали мисли министерот дека се шест со амандманите кои се поднесени од парламентарното мнозинство бидејќи ако добро ја следев работата овие денови од пет-шест поднесени амандмани на ВМРО-ДПМНЕ односно парламентарното мнозинство сите беа прифатени. И сега овој амандман иако е добар не очекувам да го прифати односно да го изгласа, веќе министерот не го прифати и да го изгласи и парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, за гласаа 11, воздржано 2, против 48.

Конситрам дека Собранието не го усвои амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за додавање нов став 1 пред ставот 1, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе. Владата не го прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Дозволете ми околу овој амандман сакам да ви се обратам од говорница, колеги пратеници, да го кажам моето мислење воопшто за расправата која што ја имаме по овој закон. Чуствувам дека се создава атмосфера дека еве се носи некој закон за рамномерен регионален развој  во Собранието, Владата има направено многу убав закон и сега се најдоа овие од опозицијата заради каприц или не знам од кои причини ја одолговечуваат работата во Собранието. Од друга страна пратениците од парламентарното мнозинство си седат, некои се потсмевнуваат и мирно си гледаат што се случува. Имаме десетина, петнаесет пратеници од парламентарното мнозинство кои и така никогаш ги нема во Парламентот. Ете тие петнаесет пратеници кои постојано ги нема во овој Парламент од парламентарното мнозинство тие одлучуваат каде ќе се делат овие пари, не вие овде што седите колеги пратеници од парламентарното мнозинство, вие одите по министерства се молите за некое селце да ви направат некое водовотче или некое патче, како што јас сум се молел кај некои министри и директори на Фондови и на се, ама тие 15 што ги нема овде, претседатели на партии. Еве погледнете овде, кој лидер од партиите кој што ја подржуваат власта се овде денес. Господин Трајанов Павел е само, но тој е само еден пратеник. А тие што одлучуваат кој ќе бидат министри, тие што одлучуваат кај ќе се делат овие пари, е нив ги нема денес овде и тие одлучуваат, и тие дами и господа одлучуваат во некое канцаларивче, и во некоја кафана каде ќе се делат парите, кој ќе се постави директор, а вие овде ќе гласате и ќе ни се лутите нас на опозицијата зошто не нема доволно. Е, вие сте одговорни за таа ситуација. Затоа сакам за овој амандман да ви скренам внимание. Што јас предлагм со овој амандман. Еве, дами и господа овој закон кој што сакаат да се минимизира во јавноста и од исклучителна важност за Република Македонија и за понатамошниот развој на Република Македонија. Без овој закон, не што расправаме седум-осум дена, уште 20 да расправаме, но да донесеме квалитетен закон. Бидејќи имаме закони кои можеме така да ги поминеме кои што се услогласуваат прекршочни такси, казни и не знам што, но овој е исклучително важен закон. Со овој закон покрај одредувањето на изворот и на висината на финансиските средства  од исклучителна важност е одредувањето на критериумите и начинот како ќе се распределуваат овие средства за подеднакво да имаат за сите региони во Република Македонија, а при тоа да се исклучи и најмалата можност за дискреционо право на оној кој што раководи со тие средства и за доминантна одлучувачка политичка моќ и моќ по етничка линија за распределување на тие средства. Немој да се разубедуваме поинаку. Знам од сопствено искуство кога ќе се делат парите за селата, за водоводи, за канализации, седнуваат тие десетина луѓе, не во оваа Влада во сите влади и кажуваат овие се добри ќе им дадеме пари, на овие не се добри не им даваме пари. Таква е и сега ситуацијата. Немој да ме разубедувате дека е поинаку.

Затоа јас предлагам со еден амандман и крајно ми е нејасно зошто Владата не го прифаќа. Тој амандман е следниот: Комисијата утврдува

критериуми за оценување на проектите, начинот на бодирање и истите ги објавува во Службен весник на Република Македонија. Сега кажете ми што има лошо во амандманот што јас го предлагам, освен што е предложен од пратеник од опозиција. Она што јас го барам е следното:

Комисијата кога ќе ги оценува тие проекти, да утврди критериуми врз основа на кои што ќе се делат средствата.

Второ, да утврди начин на оценување на проектите и врз основа на тоа да врши оценка.

Трето, истите да ги објави во Службен весник.

Секој оној од планските региони што ќе конкурира однапред да си знае дали неговиот проект исполнува услови или не исполнува. За секој дел ќе има бодирање. Врз основа на тие бодирања, никој ниту ние од опозицијата, ниту вие утре ако бидете опозиција, можете да кажете дека средствата се делат по одредени клучеви, туку ќе се излезе со тоа и јавноста однапред ќе биде запознаена како ќе се делат тие три милијарди денари во Република Македонија. Што е тоа лошо што го има во овој амандман?

Во самиот закон е предвидено дека Советот утврдува предлог на листи врз основа на предлогот на Комисијата. Ве молам, врз основа на што некој овде рече методологија има. Која е таа методологија, не постои во законот, врз основа на која што ќе се оценуваат ќе се вреднуваат проектите и врз основа на тоа ќе се доделуваат средствата. Врз основа на што тогаш Советот ќе ги одреди приоритетите.

Во вториот став на член 41 се вели: “Советот ќе води грижа за рамномерна застапеност на регионите”. Тоа е чесен пионерски збор, да не речам друг збор. На чесен пионерски збор ќе водат грижа било кој Совет да е, ќе водат грижа за рамномерна застапеност.

Мора да има вредносни критериуми, мора да има параметри врз основа на кои ќе се оценува еден одреден проект. Класификација е направена на степен на развиеност на регионите. Но, во самите региони нема класификација освен специфичните подрачја.

Господинот Серафимов малку зборуваше, при ист степен на развиенсот на регионите, при ист степен на развиеност внатре во регионите на одредени делови, врз основа на што Комисијата ќе направи предлог на листа на редослед. Второ, и кога ќе ја направи предлог листата Советот вели: Владата на Република Македонија врз основа на предлогот од член 41 став 1 од овој закон донесува одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата. Тоа значи, Комисијата ќе изврши бодирање, Советот ќе направи предлог листа, но Владата не ја обврзува ништо дека мора да ја прифати таа предлог листа. Која е тогаш таа логика ние слободно, паушално да дозволиме 3 милијарди денари, пари на граѓаните на Република Македонија некој по своја волја дискреционо да одлучува каде ќе се наменат. Се разбира, тоа се пари кои што ќе останат во Република Македонија. Но, извинете за парите кои што ги даваат граѓаните од Битола не може Владата да ни одлучи, по стоти пат ќе ви повторам, 10 милиони евра да даде за салата во Скопје, 2 милиони евра за испитување на Кале, не знам колку илјади евра за театар во Скопје, за Офицерски дом во Скопје, за не знам кои други работи, а за Битола ќе нема, за Струмица ќе нема, или за Велес ќе нема, без разлика на политичка припадност. Еве и градоначалникот во Битола е од ВМРО-ДПМНЕ, но не давате сега воопшто. 20 милиони евра само сега што ви ги набројав остануваат овде. Така рамномерен регионален развој не се прави. И ве повикувам заради вас колеги пратеници за да не ги молите тие министерчиња, бидејќи многу од министрите ни се обраќаат со: господине пратеничe. Еве и јас ќе им се обратам со господа министерчиња, за да не ги молите нив, за да не молите некои директорчиња, а вие сте тие кои што одите со граѓаните, тие ве избрале вас, од вас бараат одредени исполнувања, да го прифатите овој амандман со кој што ќе придонесете за да се утврдат критериуми, начин на кој што ќе се одредуваат проектите. Е тоа е транспарентност на Влада, тоа е отчетност на Влада. Се друго е манипулирање со парите на граѓаните на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Реплика има министерот за локална самоуправа.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе, ова што така емотивно сакаше да го каже пратеникот Слободан Најдовски, мислам дека е решено во член 39 став 3, каде се кажува дека методологијата ќе се определи од страна на министерот за локална самоуправа и како подзаконски акт сигурно ќе биде објавен во Службен весник.

Амандманот би бил добар, бидејќи праша што му фали на амандманот, дали не чини затоа што е предложен од пратеник од опозицијата. Не, ќе кажам дека амандманот е добар и во тој дух, меѓутоа,не знам како може Комисија да утврди критериуми и истите да бидат објавени во Службен весник. Едноставно тоа не е возможно.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине министре многу едноставно е можно.

Комисијата при својата работа утврдува критериуми врз основа на кои ќе врши бодирање и оценка.

Еве, за да се објави во Службен весник, ако сакате, Комисијата ќе му ги предложи на Владата и Владата како своја одлука ги објавува во Службен весник. Најмалку е тоа битно. Јас пишувам во амандманот дека ги утврдува и истите ги објавува во Службен весник.

Постапката за објавување во Службен весник воопшто не е спорна. Спорно е тоа ако се објават во Службен весник, тогаш ќе бидат обврзувачки, тогаш граѓаните ќе ги знаат, тогаш подносителите на проектите ќе ги знаат и не ќе може да има манипулација од било која влада. Всушност за тоа сите се бориме да нема манипулации. А, да нема манипулации, главен предуслов е јавност, транспарентност и отчетност пред јавноста. Тоа се овозможува со овој амандман. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Министерот за локална самоуправа се јави за збор, повелете.

**Зоран Коњановски:** Јас не знам што сте мислеле со поднесувањето на амандманот, меѓутоа, знам што пишува во текстот, веројатно се работи за непрецизности. Затоа не го прифаќам амандманот. Мислам друг пат кога ќе треба да поднесувате амандмани треба да бидат прецизни, зошто да не, ако се такви, ќе ги прифатиме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За реплика на министерот се јави господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине министре, јас имам едно правило овде во Парламентот со колеги пратеници од Битола да не спорам многу.

Почитувајќи ве вас како министер од Битола навистина не сакам воопшто да спорам, бидејќи, барем на тој план, сакам да имаме заеднички настапувања и заеднички интерес, но очигледно во овој момент немајќи аргументи да се спротивставите на она што е поднесено со амандманот, кажувате дека има грешка во процедура.

Процедурата во Собранието навистина ја знам многу добро и верувајте ми дека процедурално е 100% исправен амандманот и воопшто од процедурален аспект нема никаков проблем.

Ако сакате да кажете дека заради тоа што немате аргументи вие како Влада да го одбиете амандманот барате грешка во процедурата, навистина не е во ред. Ние на крајот на краиштата како Собрание што ги носиме одлуките и објавувањето во Службен весник се знае како оди, па и за Владата и за телата на Владата. Комисијата ја имате предвидено во самиот закон како едно од телата кое до донесувањето на конечната одлука од страна на Владата треба да изврши одредени активности.

Воопшто не е проблем во објавување во Службен весник, туку пробелмот е што не се сака да се има јавност во постапката за распределба на тие финансиски средства. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Реплика на говорот на господинот Најдовски има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Господине потпретседателе, сакам само накусо да реплицирам на пратеникот Најдовски. Јас мислам дека за да работи ефикасно Парламентот треба да учествуваат во неговата работа сите пратеници, без разлика дали се позиција или опозиција затоа што не ги гледам претседателите на политичките партии на опозицијата или многу ретко се присутни, само тогаш кога има поставување пратенички прашања.

Затоа се залагав, ако е можно, што побрзо да се донесе Деловникот за работа на Парламентот не за да се зголеми ефикасноста, туку повеќе за да се зголеми одговорноста на секој пратеник. Ако продолжиме вака навистина оние што се присутни на некој начин се казнети, бидејќи да се седи во Парламентот од 11,00 до 18,00 часот е доста тешко плус да се следи целата работа.

Инаку, што се однесува до овој закон, Законот за регионален рамномерен развој , овој закон е подобар од оној што го немавме и затоа, во основа, го подржуваме. Сигурно дека има конструктивни предлози и амандмани, но можеби тие повеќе концепциски се разликуваат од предлогот на Владата и можеби тоа е причината зошто дел од нив не се прифаќаат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Една минута за контра реплика за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Не знам што ми реплицираше господинот Трајанов изгледа сакаше да каже некоја реченица да нападне дел од луѓето од опозицијата, но тоа е негово право.

Тој воопшто не оспори ни еден аргумент од она што јас го дискутирав. Точно е дека секој пратеник треба да си ја извршува својата активност, господине Трајанов, вие знаете дека јас како пратеник ако не најредовен, но сум меѓу првите 5 најредовни во овој Парламент. Секогаш, верувајте ми, одговорноста пред се за ефикасноста на Парламентот е во парламентарното мнозинство.

Ако сакате уште едно, тие 10-15 пратеници кои постојано од вас ги нема овде, тие се оние кои одлучуваат за Република Македонија. Штом така го прифаќате во ред, тоа е ваше право. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, ќе бидам многу краток, сакам да го подржам овој амандман, бев инспириран, не мислев да дискутирам, од дискусиите на министерот од едноставна причина што, до колку не се прифати овој амандман, тој се коси со Европската повелба и уредбите кои мора да се почитуваат при носење на еден ваков закон.

Значи, би можеле само врз основа на овој член, до колку не биде прифатен, да се оцени од страна на експертите на Европската комисија како негативен овој закон.

Имено, точно е дека членот 39 во точка 3 вели дека постапката и методологијата за оценувањето на предлог проекти се утврдуваат, да не пречам на колегите кои се шетаат тука... завршете...

**Бесим Догани:** Мене ми е многу жал, но вашиот колега ...

**Никола Ќуркчиев:** И мене почитуван потпретседателе, вие сте овде да го создавате редот во салата, но законот изгледа е важен само за опозицијата, а не и за позицијата, па така и за вас.

Зборувам за членот 39 на кој се повика министерот во ставот 3, дека постапката и методологијата за оценување на предлог проектите се утврдуваат со Правилник што го донесува министерот за локална самоуправа.

Побаравме со амандмани тоа да биде малку поинаку како во другите демократски земји, меѓутоа, не беше прифатено. Бидејќи овој закон почива врз основа или се подготвува врз база на словенечкиот закон, сакам само да му цитирам еден акт или една регулатива на министерот за локална самоуправа, значи се работи за еден подзаконски акт што Република Словенија го има донесено, а се однесува токму за регулирање на овој член. Зборувам за подзаконски акт, а не дали треба да се прифати амандманот на почитуваниот господин Најдовски.

Значи, Владата на Словенија односно Министерството ја усвоило следната регулатива односно следниот подзаконски акт. Инструкција за минимум задолжителна содржина, методологија за подготовка и методи за мониторинг и оценување на програмата за регионален развој.

Затоа јас пред некој ден спомнав дека повеќе од 20 акти има донесено за тој закон, мислам на словенечкиот, а за нашиот и 200 да направиме тешко дека ќе може да го подобриме и овие амандмани кои се дадени, не знам дали треба да се бранат или не.

Апсолутно не пречи, ние за секој конкурс за прием на работници објавуваме во дневни весници илјада и едно соопштение и кога треба и кога не треба, а не методологија. Со овој закон се определува иднината на општините во Република Македонија. Затоа е толку важен и затоа така дискутираше почитуваниот господин. Мислам дека, почитуван министре, треба да го прифатите овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата за да создадеме услови за гласање.

Бидејќи во салата има доволен број пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, за амандманот гласаа 59 пратеника, за гласаа 10, воздржано 2, против гласаа 47 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 2, поднесен од пратениците Трајко Вељановски, Силвана Бонева, Оливер Дерковски, Панче Дамевски и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Амандманот е техничка корекција и се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 43, став 2, поднесен од пратениците Трајко Вељановски, Силвана Бонева, Оливер Дерковски, Панче Дамевски и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам, и овој амандман се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам, овој амандман не се прифаќа, предвидено е проектот да се прати од апликација преку реализација и заклучно со завршување за да може евентуално при одредени недостатоци благовремено да се реагира. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи за амандманот гласаа само 58 пратеника, би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Бидејќи во моментот на гласање во салата немаше доволен број на пратеници, амандманот го ставам повторно на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 63 пратеници, за гласаа 10, воздржано 1, против гласаа 52 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 53 и 54, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа господинот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници за амандманот гласаа 57, за гласаа 8, воздржани немаше, против гласаа 49 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 56 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласаа само 56 пратеника, би ги замолил службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во текот на гласањето во салата беа присутни само 58 пратеници, така што гласањето е неважечко.

Ги молам пратениците кои не се во салата, да влезат во салата за да пристапиме кон гласање на амандманот.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи во салата нема доволен број на пратеници за да продолжиме со работа, тука ја прекинувам денешната седница, а утре во 11,00 часот продолжуваме со истата 43-та седница. По нејзиното завршување продолжуваме со 42-та седница, која беше закажана за 7.05.2007 година.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,03 часот)